**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет „св. Кирил и Методиј“**

Филозофски факултет - Скопје

Постдипломски магистерски студии по меѓународни односи

Разрешување на конфликти

Магистерски труд

**РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ ВО ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА КОНГО И МЕЃУНАРОДНАТА ДИПЛОМАТИЈА: СОСТОЈБИ, МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ**

Ментор:
проф. д-р Ана Фрицханд

Кандидат:
Бојана Јованова Павлова
индекс: 5368/21

**Скопје, 2024 година**

# Содржина


1. Формулација на проблемот на истражување ..... 4
  1.1 Истражувачко прашање ..... 6
  1.2 Цели и задачи на истражувањето ..... 6
  1.3 Дефинирање на проблемот на истражување ..... 7
    1.3.1 Теоретска рамка ..... 7
  1.4 Дефинирање на клучните концепти ..... 8
    1.4.1 Разрешување на конфликти ..... 8
  1.5 Дипломатски дијалог и дипломатија ..... 9
  1.6 Мисијата на ОН во Конго – ONUC ..... 10
  1.7 Општа истражувачка хипотеза ..... 10
    1.7.1 Општа хипотеза: ..... 10
  1.8 Истражувачки варијабили ..... 11
    1.8.1 Независна варијабла ..... 11
    1.8.2 Зависна варијабла ..... 11
  1.9 Индикатори на истражување ..... 11
  1.10 Научна и општествена оправданост на истражувањето ..... 12
2. ВОВЕД ..... 12
3. РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ ..... 14
4. КОНФЛИКТ НАСПРОТИ СОРАБОТКА – ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ ..... 20
5. ПОИМ ЗА ДИПЛОМАТИЈА И ДИПЛОМАТСКИ ДИЈАЛОГ ..... 28
  5.1 Поим за дипломатија ..... 28
  5.2 Поим за дипломатски дијалог ..... 31
  5.3 Дијалогот кога мотивациите и целта се разликуваат ..... 34
  5.4 Дијалогот и улогата на моќта ..... 36
  5.5 Тајност наспроти отвореност ..... 37
  5.6 Важноста на домашниот легитимитет ..... 38
  5.7 Важноста на емоциите во дипломатскиот дијалог ..... 39
  5.8 Превентивна дипломатија во современите меѓународни односи ..... 40
6. МЕЃУНАРОДНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ ..... 42

6.1 Медијацијата во разрешување на конфликти ..... 43
6.2 Преговарањето во разрешување конфликти ..... 46
6.3 Животниот циклус на конфликтите ..... 47
6.4 Преговори со кого? ..... 50
6.5 Трансформација на конфликти ..... 52
6.6 Реконсилијација или помирување во разрешувањето конфликти ..... 54
7. ВОЕНИТЕ МИСИИ НА ОН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ ..... 59
8. СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ДР КОНГО ..... 61
8.1 Историјата и географската поставеност на ДР Конго ..... 61
8.2 Мисијата на ОН за Конго - ONUC ..... 66
8.3 Мировната мисија за Конго – MONUSCO ..... 69
9. АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА ..... 70
10. ЗАКЛУЧОК ..... 87
11. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 89

## 1. Формулација на проблемот на истражување

Конфликтите постојат од кога постои човечката цивилизација, уште кога луѓето живееле во племенски заедници и секако заедништвото меѓу луѓето предизвикувало и конфликти. Најсоодветна дефиниција за конфликтите е онаа кога активностите што ги презема едната страна за да ги оствари своите барања и придобивки ја попречуваат другата страна да ги оствари своите барања и придобивки.[1]

Оваа проблематика предизвикува големо внимание кај научниците и експертите што се занимаваат со истата, а произлегува од граѓанските војни или внатрешните конфликти, а мирот е единствена можност за обликување на заедничка визија за иднината на земја погодена од конфликт. Земјите обично се доведени на крај на еден бурен пат, кој се карактеризира со долготрајно насилство, загуба на човечки животи, инфраструктура и социјална кохезија и воопшто, односно дека нешто фундаментално треба да се промени во севкупната рамка држава-општество доколку се најде нова, поодржлива рамнотежа. Додека сите страни во конфликтот можат отворено  и подготвено да го прифатат почетокот на мировниот процес, нивното присуство на преговарачката маса дава непосредна можност за размена на насилна конфронтација со дијалог, како главно средство за постигнување на одредена цел.

Процесот на разрешување на конфликти претставува процес на одржување на мирот и е многу специфичен и зависен од конфликтот на кој се однесува. Факторите кои влијаат врз разрешувањето на конфликтот зависат од структурните елементи на конфликтот, односно конфликтната ситуација, однесувањето на конфликтните страни и нивните ставови т.е. психологијата. Процесот на разрешување на конфликти во улога на одржување на мирот и неговата ефикасност е условена и од фазата во која се наоѓа конфликтот, па преземените приоди во разрешувањето ќе имаат различен ефект. Конфликтот произлегува од стремежот кон различни интереси, цели и аспирации од страна на поединци или групи во дефинирани социјални и физички средини.  Неодамнешните војни во Конго претставуваат една од

---

[1] Johnson, D.W., Johnson, R.T. (1991). *Teaching Students to be Peacemakers*, Edina, Minnesota, MN: Interaction Book Company, p.28

најтешките кризи во светот. Тоа создало антагонизам меѓу бунтовничките групи едни против други и против вооружените сили на ДРК. Мнозинството се бори за признавање и пристап до ресурси, а другите за форми на политичка автономија. Управувањето со конфликти е пристап ориентиран кон исход кој има за цел да ги идентификува и донесе на преговарачка маса лидерите на конфликтните страни.[2] Според Ледерах, „конфликтната трансформација е сеопфатен сет на активности за опишување како конфликтот произлегува и еволуира внатре и носи промени во личните, структурните и културните димензии и за развивање креативни одговори кои промовираат мирни промени преку ненасилни механизми“.[3]

Улогата на дипломатијата во вакви ситуации е клучна за мирно решавање на конфликтите како средство на надворешнатата политика и во меѓународните односи преку седнување на преговарчка маса, по пат на комуникација, со единствена цел за склучување на договори заради надминување на конфликтните ситуации.[4] Мировните процеси може релативно брзо да доведат до сеопфатно решение или може да потраат многу години. Тие може да се срушат веднаш или може да продолжат без опипливи резултати со децении.

Преговарањето, медијацијата и дијалогот што ги водат страните во конфликтот, под покровителство на меѓународната заедница, поттикнуваат да не се преземаат конфликтни активности, помирување, почитување на човековите права како примарни, како и едукација и поврзување на луѓето од различни средини, култури и религии.

Дипломатските напори за разрешување на конфликти е процес на одржување на мирот и многу специфичен процес кој зависи од конфликтот на кој се однесува. Со оглед на погоре изнесеното, во спроведеното истражување ќе се докаже колку дипломатските напори на меѓународната заедница влијаат на разрешување за конфликтната состојба во ДР Конго преку примената на дипломатскиот дијалог.

---

[2] Paffenholz, T., Spurk, C. (2006). Civil society, civic engagement, *andpeacebuilding. Social development papers, conflict prevention and reconstruction*, p.36, Washington, D.C.:World Bank Group
[3] Lederach, J. P. (1997). Building peace: Sustainable reconciliation in dividedsocieties.Washington, D.C: United States Institute of Peace Press, p.92
[4] Виоти, П., Каупи, М. (2009). *Меѓународни односи и светска политика-безбедност, економија, идентитет* Академски печат, Скопје, стр.202

## 1.1 Истражувачко прашање

Главно истражувачко прашање:

*Каква е улогата на дипломатскиот дијалог во процесот на разрешување на конфликтите во Демократска Република Конго?*

Од главното истражувачко прашање произлегуваат следниве потпрашања:

1.1.1 Како функционира дипломатијата и што го дефинира дипломатскиот дијалог?

1.1.2 Кои се можностите и ограничувањата на современите приоди во разрешувањето на конфликтите во контекст на конфликтите во регионот на Африка?

1.1.3 Кои приоди за разрешување на конфликти најчесто ќе се користат во случаите каде конфликтот прераснал во „природен“ заради должината на неговото траење?

1.1.4 Колку дипломатскиот дијалог е неопходен, кои се најефикасните приоди кон разрешувањето на конфликтите и што ќе треба да се направи во иднина?

## 1.2 Цели и задачи на истражувањето

Општата цел на истражувањето се однесува на анализа на состојбата во Демократска Република Конго, со посебен акцент на дипломатскиот дијалог во процесот на разрешување на конфликтот. Со тоа се дава подобар увид во можностите и ограничувањата на дијалогот како основна дипломатска алатка во процесот на разрешувањето конфликти. Конечно, резултатите од анализите можат да послужат како продлабочена ретроспектива за идно успешно толкување и примена на дипломатскиот дијалог и приодите кон разрешување на конфликти во современиот начин на комуницирање и живеење.

*Посебни задачи на истражувањето:*

- Да се утврди сложеноста на дипломатиските напори, посебно дијалогот во конфликтот и можноста за менување на правецот на движење на конфликтот;
- Идентификација на слабите и силните страни во приодите за разрешување на конфликти со посебен акцент на ДР Конго;
- Дефинирање на идните чекори во примената на дијалогот како основна дипломатска алатка при разрешување на конфликти.

## 1.3 Дефинирање на проблемот на истражување

### 1.3.1 Теоретска рамка

Предметот на истражување на овој труд се конфликтите во Демократска Република Конго, со посебен фокус на улогата на дипломатијата низ напорите на Меѓународната заедница за нивно разрешување, како и напорите за одржување на мирот и стабилизирање на општата состојба во државата.

Конфликтите во ДР Конго претставуваат една од најтешките кризи во светот. Дипломатските напори на Обединетите нации беа насочени кон нивно разрешување и во земјата беа распоредени мировни сили. Сепак, и покрај различните мировни договори, насилните конфликти продолжуваат да се случуваат во источните провинции. На истокот од државата, состојбата е обележана со слаби државни структури и рурален карактер на вооружените групи кои дејствуваат во изолирани региони, на тешко пристапен терен.

Со цел да се конституираат, да се зајакнат или преживеат, овие групи се мобилизираат првенствено по етничка линија. Сепак, често се игнорирани. Од овие општи забелешки се идентификуваат двигателите на конфликтот, како точки на влијание во регионот, но и во насока на решавање на конфликтот или како влошување на кризата.

Во понатамошното истражување значајно место ќе се посвети на улогата на Обединетите нации и нивните дипломатски напори и испраќање на мировни сили во насока на разрешување на кофликтната состојба во Конго, што е од огромно значење за одржување

на мирот и стабилноста во регионот на Африка. При операционализација на предметот на истражувањето, истиот беше поделен на неколку сегменти и тоа:

- Карактерот на дипломатските активности на ОН;
- Карактерот на дипломатскиот дијалог;
- Пристапот кон решавање на конфликтот;
- Постапките за решавање на конфликтот.

## 1.4 Дефинирање на клучните концепти

### 1.4.1 Разрешување на конфликти

Во државите, како што постојат внатрешни спорови, така постојат и конфликти на меѓународен план, каде државите се наоѓаат во динамичен судир на своите интереси**.** Таквата ситуација создава услови во која страните не можат да ги остварат своите интереси по дипломатски пат и најчесто тоа резултира со вооружен конфликт.[5] Решавањето на конфликти се дефинира како комбинација на приоди и техники за решавање на конфликти, непосредно со водење на преговори меѓу страните и посредно со вклучување на трети лица. Почетокот на разрешувањето на конфликти, како и целосно постапување се до постигнување на помирување, односно надминување на конфликтот е во насока на изнаоѓање на решение што ќе ги задоволи сите страни во конфликтот со преземање и спроведување на мировни активности.

Разрешувањето на конфликтот може да биде привидно,тоа е ситуација во која страните во конфликтот се откажуваат од дел од своите барања, при што се постигнува компромис со кој секоја од страните делумно добива и делумно губи и вистинско разрешување на конфликтот што подразбира целосно отстранување на причините кои довеле до конфликт меѓу страните, што се постигнува со меѓусебна заедничка соработка.[6]

[5] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети*. Скопје, стр.287
[6] Гоцевски, Т., Ортаковски, В., Георгиева, Л. (1999). *Разрешување и трансформација на конфликтите*, стр.26-27, Македонска ризница – Куманово

Техники на разрешување на конфликти се преговарањето, медијацијата и дијалогот. Определбата на Зартман[7] во однос на преговарањето е дека преговорите се процес на дефинирање и намалување на алтернативните позиции, додека не се постигне единствена комбинација која е прифатлива за сите страни и воедно преговарањето е колективен процес на донесување одлуки со дискретни страни, при што одлуката е избор меѓу алтернативните начини на акција. Одговорот кој тој го нуди, а воедно и објаснување за процесот на преговарање е сеопфатната анализа преку комбинирање на различните гледишта на страните и постигнување на заеднички договор (кои се страните што преговараат, што е целта на преговарањето и проценка на времето на реализирање).

Медијацијата, односно посредувањето, е институт во меѓународното право на мирно решавање на конфликтите со кој третата страна им помага на страните во конфликтот да дојдат до негово разрешување[8].

Дијалогот е, всушност, разговор меѓу две страни, поединци или група на поединци и може да се манифестира како пишана или усна комуникација и има инклузивна природа, а неговите учесници се засегнати страни кои имаат за цел идентификација на нови пристапи во разрешување на заеднички конфликт. Успешноста на дијалогот е важна и можна во случаите кога спроведувањето на истиот е заемна желба на страните  и во кој обострано ќе се покаже емпатијата на едните спрема другите и подготовка за долгорочна соработка. Со дијалогот се настојува да се препознаат и идентификуваат корените на конфликтот за да може да се дојде до негово искоренување.

## 1.5 Дипломатски дијалог и дипломатија

Дипломатскиот дијалог ги опфаќа сите видови преговори, консултации и размена на информации меѓу претставници на страните што учествуваат во дијалогот, по прашања што се од заеднички интерес и се однесуваат на разрешување или надминување на конфликтот. Под дипломатија се подразбира способност, вештина или умешност во водење некоја работа. Нејзиното значење не е можно да се одреди без да се надоврзе поимот „надворешна

[7] Zartman, W. (2008). *Negotiationand Conflict Management.Essays on theory and practice*. Routledge, p.115
[8] Фрчкоски, Љ.Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје, стр.290

политика" на државата**,** што ја води како субјект во меѓународните односи и меѓународното право. Дипломатијата е средство на надворешната политика на една земја. Дипломатијата е примарно средство каде што државите влијаат едни врз други. Интеракциите создаваат меѓународни односи и се главни средства со кои државите ја искористуваат својата моќ за остварување на своите цели и интереси.[9]

## 1.6 Мисијата на ОН во Конго – ONUC

Мисијата на ОН во Конго е воспоставена со Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 143 од 14 јули 1960 година. Таа имала за цел да помогне да се воспостави стабилност во Конго по конфликтот и нередите кои имале големо влијание врз независноста. ONUC била прва мировна мисија на ОН со значајна воена сила.

## 1.7 Општа истражувачка хипотеза

### 1.7.1 Општа хипотеза:

*Дипломатскиот дијалог како централен во дипломатските напори од страна на мисијата на ОН е поврзан со процесот на разрешување на конфликтите во Конго, со цел обезбедување услови за нивно мирно решавање.*

Дефинираните меѓународни напори ги одредуваат чекорите со што ќе се одреди почетокот на разрешување на конфликти, во конкретниот случај во Конго, започнувањето на конфликт во конкретниот регион и ќе биде поврзано со добиените резултати од општиот пристап во процесот на разрешување конфликти.

---

[9] Достинова, З.Т., Сотироски, Љ. (2014), Дипломатска *организација, дејност и професија.* Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, стр.65

## 1.8 Истражувачки варијабили

### 1.8.1 Независна варијабла

Дипломатскиот дијалог како централен во активностите на Мисијата на ОН во процесот на разрешување на конфликтите во Конго.

### 1.8.2 Зависна варијабла

Современи пристапи кон решавање на конфликти – што се однесуваат на специфични техники насочени кон почеток на крајот на конфликтот, насочување на луѓето кон мирољубиви решенија, одвраќање на државите од започнување конфликт, развивање на мировни стратегии и заштита на човековите права.

## 1.9 Индикатори на истражување

Од методолошка гледна точка оваа истражување има дескриптивен и експликативен карактер. Со истражувањето прецизно ќе се опишат определни состојби и тенденции предизвикани од вооружените конфликти во Конго, како и предизвиците и нивното влијание врз националната безбедност и стабилноста на регионот на Африка. Посебна примена во истражувањето ќе заземат следните анализи:

- Анализа на податоци од документи и извештаи;
- Анализа на податоци од статии и вести од релевантни страни;
- Анализа на објавени изјави на водечки политичари;
- Анализа на специфични приоди за решавање на конфликти кои се применуваат во различни региони на светот.

## 1.10 Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањето од научен аспект е важно затоа што досега нема доволно трудови што ја даваат научна анализа на меѓународните дипломатски напори за разрешување на состојбата во ДР Конго, или пак тие се оскудни, а се важни од аспект на анализирање на безбедносните предизвици со кои ќе се соочува овој регион на Субсахарска Африка. Во тој поглед, овој регион треба и мора сè повеќе да се промовира и да го наоѓа сопственото место во безбедносната сфера како предуслов за креирање безбедна средина во рамките на тенденцијата за современи општества.

# 2. ВОВЕД

Светот е во постојан процес на менување, процес кој е незапирлив со сите свои позитивни и негативни карактеристики. Во тој процес, државите создаваат меѓусебни односи на блиска соработка, меѓусебно почитување, развиваат конфликти ако односите не одговараат на нивните меѓудржавни интереси итн. Феноменот на меѓународните односи произлегува од нивното се поголемо влијание за меѓународна соработка, ако се земе во предвид напредокот и еманципацијата на положбата на поединецот и групата како на национално, така и на регионално и меѓународно ниво. Од тие односи произлегува и изворот на конфликти меѓу државите кога заедничките интереси што ги насочуваат кон меѓусебна соработка прераснат во конфликт на интереси што предизвикуваат недоразбирања меѓу нив. Правните норми на современото меѓународно право имаат многу важна улога во јакнењето и одржувањето на меѓународното општество и со тоа и на меѓународниот правен поредок. Меѓународното право го афирмира и зајакнува приматот на државните системи, а со тоа ги специфицира минималните услови на соживот меѓу државите и ги регулира условите за соработка меѓу нив во различни области.[10]

[10] Виоти, П., Каупи, М. (2009). *Меѓународни односи и светска политика-безбедност, економија, идентитет*. Академски печат, Скопје стр.87

Меѓународните односи постојано се менуваат, а тоа се должи на глобализацијата, општествената и економска нееднаквост на државите, влијанието на меѓународните организации што предизвикуваат испреплетеност на односи каде што се развиваат меѓусебна и мултилатерална соработка меѓу државите од кои може да се придизвикаат и одредени конфликти ако бидат загрозени интересите на државите.

Во тие меѓународни односи, дипломатијата е средство за остварување на тие надворешни односи меѓу државите. Главна цел на дипломатијата е остварување на задачи што ги поставуваат органите на државната власт што ја водат надворешната политика. Тоа е основна функција на дипломатијата, што како државна дејност на подрачјето на надворешната политика подразбира и специфичност на методите за остварување на целите на државите. Во своето долго постоење, дипломатијата поминала различни степени на развој и секогаш била подложна на преобразби во меѓународната заедница. Во модерното време, дипломатијата многу се променила од своите претходни облици. Интересен е податокот на еден од првите британски обиди да го најдат вистинското место на дипломатијата и да се извршат промени што би ја приближила дипломатијата на потребите на државите. Во т.н. „бела хартија“, Министерството за надворешни работи од 1943 година било утврдено дека за дипломатската дејност се бираат лица од потесен круг кои биле претставници на одредени слоеви во општеството, дека британските дипломати воделе скриен живот и дека нивното познавање на економските и општествените проблеми било недоволно за да можат да создадат пошироки контакти со населението на странските држави во кои работат.[11]

Современите меѓународни односи се сложени, прагматични и обично многу поразлични што е причина одредени облици да исчезнуваат, а со тоа и некои критики на однесувањето на дипломатијата. Дипломатските церемонии станале многу поедноставни, немало повеќе борба за престиж, чија кочија ќе биде прва во поворката, кој ќе ја бакне раката на кралицата или кој каде ќе седне. Дипломатскиот протокол бил поедноставен, а земјите како САД и оние во Западна Европа за тие промени се заслужни. Остварувањето на главните функции на дипломатијата - собирање разузнавачки информации, управување со

[11] Вукадиновиќ, Р. (2004). *Политика и Дипломатија*, стр.97, Политичка култура, Загреб

ситуација е клучно за предвидување на внатрешни проблеми и предвидување на промени во надворешната политика.[12]

Секако дека во меѓународните односи се појавуваат и ситуации на конфликти каде што главни актери се државите, ситуации кога се нарушени нивните интереси. Етимолошкото толкување на поимот конфликт што потекнува од латинскиот збор „conflictare" може да има повеќе значења - конфликт, спор, вооружен судир итн. Бројни филозофски дилеми и расправи за конфликтите напоредно со настанувањето и развојот на новите науки резултирале со бројни теоретски основи за повеќе истражувања. Општествените конфликти претставуваат едни од основните општествени појави. Тие се историски, но и актуелни константи на општествената заедница и тие се одраз на историските прилики во кои настанале. Некои од тие теории оставиле трага на идните настани на пократок или подолг историски период после неговата појава. [13] Разрешувањето на конфликтите е механизам преку кој конфронтираните актери одат во насока да го разрешат заради градење на мир и меѓусебна соработка. Затоа тој вклучува само мирни методи и техники за одржување на мирот и стабилноста. Методите се однесуваат на пристапи за справување во конфликтни ситуации, од преговори до дипломатија, од медијација до арбитража, од управување со конфликти до трансформација на конфликти.[14]

# 3. РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ

Етимолошкото толкување на поимот конфликт, како што напоменавме претходно, што потекнува од латинскиот збор „conflictare" може да има повеќе значења како на пример: конфликт, вооружен судир, спор итн. Конфликтите претставуваат историска, но и актуелна константа на општествената заедница и како такви се предмет на интерес на многу

[12] Griffiths, M., O'Callaghan, T. (2002). *Internatiomal relations: The key concepts.* Routledge11 New Fetter Lane, London EC4P 4EE p.350
[13] Beridan, I. (2009). *Konflikti*, Fakultet politickih nauka, Sarajevo, str.30
[14] Wani, H. A. (2011). *Understanding Conflict Resolution.* Research Scholar Department of Political Science Aligarh Muslim University, Aligarh, INDIA, pp.104-105

теоретичари и истражувачи на многу науки како филозофијата, правото, историјата, психологијата, социологијата, воената стратегија итн. Ставовите и теориите за конфликтите се одраз на историските прилики во кои настанале. Некои од тие теории оставиле белег на идните случувања во пократок или подолг историски период по нивната појава.[15]

Многу е вообичаено да се види конфликт во светот. Конфликтите се случуваат во светот многу често. Како да се реши конфликтот и да се промовира соработката стана главна тема во светската политика. Сепак, пред да се бараат решенија, неопходно е да се разјасни како да се разбере конфликтот. Постојат два пристапи во однос на разбирањето на меѓународниот конфликт.

Едниот пристап е обезбеден од мејнстрим дискурсот за меѓународни односи, а другиот од традиционалната кинеска дијалектика. Компаративната анализа ќе придонесе за меѓукултурен дијалог за решавање на конфликти. Првиот пристап се однесува на конфликтот како онтолошки значаен поим. Мејнстрим теориите за меѓународните односи, реализмот, либералниот институционализам на пример, имаат тенденција да го разберат конфликтот како нормален. Нормално во човечкиот живот, во општествените средини и во меѓународните односи да има конфликти.

Во меѓународните односи, конфликтот е позабележителен и посериозен поради длабоко вкоренетото сфаќање на меѓународното општество како анархична џунгла каде што секој се бори против сите други. Главните теории за меѓународните односи, на пример, тврдат дека конфликтот е природна состојба на меѓународниот живот. Реализмот тврди дека борбата за моќ отсекогаш била централна тема во меѓународните односи.

Либералниот институционализам, исто така, верува дека конфликтот постои како нешто нормално, иако е пооптимист за решавање на конфликти преку меѓународните институции. Новите левичарски научници кои ја користат хегеловата дијалектика секогаш ставале посебен акцент на конфликтот помеѓу различните социо-економски класи и се обидувале да ја идентификуваат клучната противречност во светската политичка економија. Овие толкувања на меѓународниот живот споделуваат заедничка кантијанско-

---

[15] Beridan, I. (2009). *Konflikti*, Fakultet politickih nauka, Sarajevo, str.30

хегелијанска традиција во врска со природата на конфликтот во човечкиот и општествениот живот што е нормално бидејќи ја сочинува состојбата на природата.

Се смета дека конфликтот доаѓа од различното. Двајца актери, без разлика дали се поединци, групи или нации, кои се различни тежнеат да се конфронтираат меѓусебно. Со други зборови, разликите предизвикуваат конфликт. Оваа логика на расудување се рефлектира во многу познати меѓународни размислувања. Две важни теории се на сцена, едната од почетокот на Студената војна, а другата на крајот од истата. Сите што ги проучуваат меѓународните односи добро ја знаат долгата телеграма на Џорџ Кенан, во која се тврди дека по Втората светска војна се формирала конфликтна врска меѓу Соединетите Држави и Советскиот Сојуз, двете земји кои се издигнаа како суперсили од војната. По деталната анализа на Советскиот Сојуз, Кенан заклучил дека токму идеолошката разлика помеѓу двата главни играчи на крајот ќе доведе до неизбежен конфликт меѓу двете суперсили. На крајот на Студената војна, кога светот бил сведок на колапс на конфликтната биполарност, бил изнесен аргументот за „судир на цивилизациите“. Тој го поделил светот на неколку големи цивилизации и се дебатирало за разликите меѓу нив. Различните цивилизации имале тенденција да се конфронтираат една со друга и светот на различни политички идеологии што го карактеризирале годините на Студената војна ќе биде заменет со свет на различни цивилизации или цивилизациски држави, но сепак, и двете неизбежно ќе водат до конфликт. Со истата линија на размислување, теоријата на Хантингтон го поддржувала аргументот дека разликата води до конфликт.

Третата претпоставка се однесува на тоа дека решавањето на конфликтот во основа се заснова на елиминирање на разликите. Со елиминирање на другиот се отстранува потенцијалот за конфликт меѓу себе и другиот, иако можеби привремено.

Доста често стратегијата тежнее кон употреба на сила. Со елиминирање на непријателот се решава конфликтот. Нагласена е важноста на цврстата, материјална моќ, бидејќи се смета за најефикасно средство за елиминирање на непријателот. За да се реши потенцијален сериозен конфликт, на пример, може да се спореди чие нуклеарно „копче“ е поголемо. Меката моќ, сепак, е подеднаква, па дури и поефикасна за истата цел, штом

другиот сака да го прави она што другите го сакаат, разликите не постојат или се намалуваат и можноста за конфликт во голема мера исчезнува.

Слично е и со дискурсот за идентитетската политика, според која различните идентитети предизвикуваат конфликт. Исламските и христијанските народи се разликуваат и тежнеат кон конфликти. Христијанските и конфучијанските народи се разликуваат и затоа имаат тенденција кон конфликт. Поголемиот дел од литературата на безбедносната заедница поставува предуслов за воспоставување на таква заедница: мора да имаат заеднички вредности. Во спротивно, невозможно е да постои таква заедница. Традиционалното кинеско разбирање на конфликтот се разликува. За даоизмот и конфучијанизмот состојбата на природата е хармонија, хармонија меѓу луѓето и природата и само меѓу луѓето. Кинеската дијалектика, на пример, исто така го гледа светот во поларни услови и интеракцијата на поларните сили е главен двигател за напредок. Но, за разлика од Хегеловата дијалектика, таа ги гледа поларните сили како меѓусебно поврзани во комплементарна интеракција и инклузивна хармонија. Тие се надополнуваат, зајакнуваат и даваат живот еден на друг. Со други зборови, тие не се теза и антитеза. Тие се ко-тези, зависни една од друга цел живот.[16] Конфликтот се подразбира како отстапување од нормалното и како вештачка конструкција на човекот. Кинеската дијалектика го толкува односот себе-друг во однос на односот јин-јанг. Јин и јанг се двете спротивни сили и донекаде слични на Хегеловата теза и антитеза. Но, клучната разлика помеѓу кинеската традиција од хегеловиот модел е во односот помеѓу спротивностите.

Било кои два спротивни поими по дефиниција се комплементарни и вклучуваат еден со друг. Заедно создаваат живот и генерираат динамика за напредок. Постои конфликт на интереси, желби, преференции и вредности, но таквиот конфликт не го ужива истиот статус како хармонијата. Само кога луѓето скршнуваат од вистинскиот пат доаѓа до конфликт. Бидејќи сите спротивни сили се потенцијално комплементарни, заедничките основи се секогаш потенцијално можни. Затоа, конфликтот може да се реши. Се негира аргументот дека конфликтот е предизвикан од различноста. Наместо тоа, таа ја зема разликата како

[16] Yaqing, Q. (2018). Mediation, Conflict Prevention and Resolution in тhe Emerging Paradigm. *International Conference*, Conflux Center in Belgrade, pp.25-26, достапно на: https://www.confluxcenter.org/understanding-international-conflict/

основа и неопходен услов за хармонија, исто како што различните ноти создаваат убава музика, а различните состојки прават вкусна храна. Со други зборови, таа ја гледа убавината во разликата, во хетерогеноста и во плуралноста. Јин и јанг се многу различни, на пример, претставуваат машки и женски сили. Но, токму затоа што се разликуваат, тие го прават животот заедно. Слично на тоа, светот е значаен бидејќи е множина со различни култури, цивилизации и начин на живот. Во основа, тие не треба да се земаат како извори на конфликт. Од оваа логика, разрешувањето на конфликтот не е за елиминирање на разликите. Наместо тоа, треба да се бараат начини различните елементи да соработуваат заедно. Како да работат заедно е фундаменталниот принцип за решавање на конфликтот, кој се потпира на три поврзани мерки. Првата е да се бараат заеднички основи. Оваа логика никогаш не верува дека нема заедничка основа за две спротивни сили. Онтолошки, таквите сили се вклучени и комплементарни една со друга и затоа мора да има заеднички интереси меѓу нив. Било кои две социјални суштества имаат тенденција да делат нешто. Ако воопшто не гледаме заедничка основа, едноставно сѐ уште не сме ја нашле. Така, за да се реши конфликтот, првиот чекор е обично внимателно и прецизно да се најде каде е заедничката основа. Дури и смртоносните непријатели како Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз, на пример, споделувале заедничка основа за самопреживување во нуклеарната ера. Втората е да се поттикнат комплементарните разлики. Тоа значи дека решенијата за конфликтот зависат од различноста, а не од елиминацијата на разликите. Токму поради разликата е можна меѓусебна комплементарност. Во однос на регионалната интеграција тука се европскиот модел и начинот на ASEAN. Тие се разликуваат. Сепак, тие не треба да се гледаат како ривалски модели или како алтернативи еден на друг. Всушност, тие можат да се надополнуваат преку учење на оние разлики што можат да ги надоместат нивните сопствени слабости. Високиот степен на флексибилност на ASEAN може да ја намали ригидноста на Европската Унија, додека придржувањето кон институционализмот заснован на правила на вториот може да го направи ASEAN поефективен. Трето, медијацијата обезбедува поодржлив начин за решавање на конфликти. Кинескиот начин ја цени медијацијата. Елиминацијата на разликите не треба да биде главниот избор за решавање на конфликтот само затоа што тоа е невозможно. Разликата постои. Тоа е нормално и природно. Никој не може да ја елиминира разликата. Елиминацијата преку

асимилација од меката моќ е исто така невозможна. Практичното разрешување на конфликтот бара од двете страни во конфликт да се движат една кон друга и кон соодветната средина, која обично е нивна заедничка основа. Медијацијата ги охрабрува да преземат такви потези и затоа претставува корисен начин за решавање на конфликтот. Секогаш може да се најдат заеднички основи, вештото оркестрирање на разликата може да ја направи таа да стане позитивен и комплементарен елемент за соработка и дека медијацијата е често поодржлива од елиминацијата како решенија за конфликтот.

Двете сфаќања за конфликтот водат кон два пристапа за неговото решавање. Ако се сфати конфликтот како предизвикан од разликата, тогаш постои тенденција да се реши со елиминирање на разликата што го предизвикала. Меѓутоа, ако се верува дека конфликтот не е нужно предизвикан од различноста и дека разликата претставува неопходен услов за хармонија, тогаш може да ја поттикне разликата, особено разликата што е комплементарна. Според оваа последна логика, треба преку посредство да се поттикне конфликтните страни да се менуваат и да се движат една кон друга за да може конфликтот подобро да се реши без да се елиминира едната или другата. Ова се два идеални модели. Реалноста е многу посложена. Нереално е едното целосно да се замени со другото во вистинското спречување и решавање на конфликти. Меѓукултурниот дијалог и вреднувањето на различни начини може да обезбедат поодржливо решавање на конфликтот.

Етничките конфликти се најчести форми на конфликти во светот, отсекогаш. Целите на најмалку една од конфликтните страни се дефинирани исклучиво во етнички термини.[17] Без оглед на конкретните прашања заради кои се јавува конфликтот, една од страните ќе го елаборира своето незадоволство во етнички термини, едната страна во конфликтот ќе тврди дека нејзиниот различен етнички идентитет е причината заради која нејзините членови не можат да ги остварат своите интереси или затоа што ги немаат истите права или затоа што нивните барања не се задоволени. Затоа етничките конфликти се форма на групен конфликт во кој барем една од инволвираните страни го толкува конфликтот

[17] Пандева, Р.И., Чупеска, А. Етничките конфликти во меѓународните односи, Контура, 2022, стр.12

неговите причини и потенцијалните решенија преку постојана или воочена дискриминирачка етничка поделба.[18]

Секој конфликт, според Alker, Gurr и Rupesinghe[19], има шест фази:

- Нормална политика или фаза на нормална дипломатија, која во себе вклучува стабилен мир како што се односите САД и Кина или САД и Велика Британија.
- Фаза на превентивна дипломатија која е претконфликтно градење на мир по примерот на Естонија и Русија, превентивни иницијативи како во Косово или превенција на криза по примерот на Кашмир.
- Фаза на конфликтен менаџмент што вклучува кризна дипломатија или кризен менаџмент како што е случајот со Северна Кореја.
- Фаза на застој, односно фаза каде што има почеток и крај на војна или прекин на огнот.
- Фаза на прекин на конфликтот што води кон последната фаза
- Фаза на разрешување на конфликтот што може да донесе нестабилен или стабилен мир.

# 4. КОНФЛИКТ НАСПРОТИ СОРАБОТКА – ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ

Меѓународната дипломатија вклучува преговори меѓу нациите со цел промовирање на мирољубива коегзистенција, соработка и разрешување на конфликти. Конфликтите се основна карактеристика на меѓународната дипломатија и нивното разрешување бара имплементација на ефективна стратегија за разрешување конфликти. Се чини дека светот во кој живееме секогаш содржи војни и конфликти. Ако се погледне наназад повеќе од 100 години, историјата била исполнета со големи војни како двете светски војни, постојан страв од ескалација на заканата за време на Студената војна и неодамна Авганистанската и

[18] Њолфф, С., Етхниц Цонфлицт: А Глобал Перспецтиве, Оџфорд Университѕ Пресс, Нењ Ѕорк, 2006, п.03

[19] Алкер, Х. Р., Гурр, Р. Т., анд Рупесингхе, К., Цонфлицт Еарлѕ Њарнинг Сѕстемс. А Нењ Интердисциплинарѕ, Мултиметход, Глобаллѕ Ориентед, Ресеарцх Программе, Папер препаред фор тхе ЦВИтх Њорлд Цонгресс оф тхе ИПСА, Берлин, Аугуст 1994, пп.21Ђ25

Ирачка војна. И покрај фактот што луѓето секогаш зборуваат за потребата од мир, светот е исполнет со страв и постојани безбедносни закани. Од Првата светска војна, многу теоретичари и политиколози се обиделе да дојдат до решение за тоа како да се создаде мирна меѓународна средина, но не било направено достигнување во таа насока. Ова води до заклучок дека постојат одредени пречки кои ја спречуваат соработката меѓу државите. За да се направи тоа, неопходно е да се разгледаат некои теории кои сугерираат дека го имаат одговорот зошто е толку тешко да се постигне соработка.

Дебатата меѓу реалистичките и либералистичките теории траела веќе многу години, речиси од крајот на Првата светска војна. Секоја теорија ќе го понуди својот поглед. Темата за пречките за соработка е спорна и дискутабилна затоа најдобро што може да се направи е да се најде најблискиот и најверојатниот одговор на прашањето. Од суштинско значење е да се илустрира што, всушност, значи соработката и што подразбира таа. Научниците ја сумирале соработката како „процес кога актерите го прилагодуваат своето однесување на вистинските или очекуваните преференции на другите, преку процес на координација на политиките". Конкуренцијата или конфликтот, од друга страна, се објаснува како „однесување за барање цели што се стреми да ги намали придобивките што им се достапни на другите или да го попречи нивното задоволство". Соработката може да биде помеѓу две држави или поголем број држави.[20] Истото важи и за конфликтот.

Реалистите веруваат дека можат да дадат најдобро објаснување зошто соработката е толку комплицирана за постигнување. Реализмот е најдоминантна теорија од крајот на Втората светска војна. И покрај тоа што во последните неколку години била многу критикувана поради тоа што не можела да објасни одредени прашања во меѓународните односи како што е мирниот крај на Студената војна, сепак е доминатна теорија. Реализмот се дели на три дела: класичен реализам, нео-реализам и неокласичен реализам. Класичните реалисти повеќе се занимаваат со човечката природа. Тие веруваат дека луѓето генерално се себични и агресивни. Главните актери на меѓународниот систем, државите, се водат од тоа и во суштина конфликтот е неизбежен. Има многу докази кои го поткрепуваат тоа, како што била нацистичка Германија предводена од Хитлер или Ирак предводена од Садам

[20] Keohane, R. (1984). *After Hegemony: Cooperation and Discord in World Political Economy*. Princeton University Press, pp.5-17

Хусеин. Неореалистите повеќе се занимаваат со распределбата на моќта и меѓународниот систем. На меѓународниот систем му недостасува суверена власт која може да склучува и спроведува обврзувачки договори. Без таков авторитет на државите им се дава можност да прават што сакаат, што им отежнува на државите да соработуваат, со зголемен интензитет на конфликтите.[21] Оваа точка е дополнително максимизирана со реалната претпоставка дека главната цел на државата е максимизирање на моќта и безбедноста. Затоа, според нив, без светски авторитет над тие држави кои бараат моќ, не е изненадување што реалистите ги гледаат меѓународните односи како постојана битка и борба за опстанок. Дури и ако некои држави не се обидуваат да ја зголемат својата моќ и се задоволни со тоа како стојат работите, не можат да им веруваат на другите држави дека го мислат истото затоа што, ако другата држава одеднаш одлучи да не соработува, опстанокот на првата држава е под голема закана. Бидејќи сите држави се свесни за ова, сите тие се обидуваат да се заштитат себеси со барање контрола, зголемување на нивните воени способности и правење сојузи со други држави. Ова пак води кон поинаков реалистичен концепт, а се однесува на безбедносната дилема. Колинс во својата анализа „Дилемата за безбедност“ многу добро го опишал концептот: „Безбедносната дилема е идејата дека во контекст на несигурност и ограничена рационалност, перцепираните надворешни закани (реални или замислени) генерираат чувства на несигурност во оние држави кои веруваат дека се цел на такви закани, со што ги наведува тие држави да усвојат мерки со цел да ја зголемат нивната моќ и способност да се спротивстават на тие закани (создавање сојузи, трупање оружје и слично)“[22]. Значи, ако една држава утврди дека друга држава наеднаш ја зголемува својата воена моќ, ќе претпостави дека ќе нападне дури и ако тоа не е случај. Државата која мисли дека е под закана ќе мора да ја зголеми и својата воена моќ.[23] Тоа е бескрајна ситуација што е причина зошто реалистите се на стојалиштето дека соработката не само што е тешко остварлива, туку главно невозможна. Безбедносната дилема се јавува поради стравот што државите го создаваат меѓу себе. Многу од овие држави немаат контакт меѓу себе, што на

[21] Jervis, R. (1978). *Cooperation under the Security Dilemma*, p.30, World Politics
[22] Cerny, P. (2000). The New Security Dilemma: divisibility, defection and disorder in the global era. *Review of International Studies*, 26 (3), p.624
[23] Collins, A. (1997). The Security Dilemma, Security Issues in the Post Cold War World (Edinburgh: Keele University Press) pp.21-24

крајот доведува до недостаток на доверба. Актуелен пример за безбедносната дилема е меѓу Индија и Пакистан. За да се постигне соработка, безбедносната дилема меѓу двете земји не само што мора да престане да се влошува, туку и да се врати во насока во која што тие држави меѓусебно ќе си веруваат. Дури и ако државите навистина се согласат за некои закони и договори за оружје, нема ништо да спречи една од нив да го прекрши договорот или да го измами другиот.[24]

Примерот како Хитлер го прекршил нацистичко-советскиот пакт и ја нападнал Русија е јасен доказ дека не може да им се верува на сите држави. Сепак, постојат некои несогласувања за таа точка меѓу реалистите. Додека офанзивниот реализам тврди дека државите мора секогаш да дејствуваат агресивно за да преживеат бидејќи меѓународниот систем поттикнува конфликт и неизбежност од војна, одбранбените реалисти се помалку негативни. [25] Тие веруваат дека соработката или конфликтот зависат од ситуацијата.

На пример, ако две држави се слични и споделуваат исти ставови, тие имаат поголема веројатност да соработуваат. Причината за тоа би можело да биде подобро разбирање меѓу земјите,,на пример, Германија и Франција ги делат истите ставови и на тој начин повеќе си веруваат една на друга. Меѓународниот систем не мора да генерира конфликт. Се поставува поставува прашањето кои се главните пречки за соработка според реалистите? Одговорот е агресивни, себични луѓе кои живеат во држави кои се занимаваат само со моќ и безбедност поради анархичниот меѓународен систем. Реалистите оставаат мрачен свет, полн со ранливи држави, исплашени за својот опстанок и неволни да веруваат или да соработуваат со која било друга држава. Меѓутоа, пред да бидат целосно прифатени точките што ги предлагаат реалистите, мора да се укаже на некои критики и недостатоци на реалистичката теорија. Пред сè, реализмот ја игнорира важноста на различните концепти на идентитет и култура во различни држави. На пример, областите со иста религија и култура имаат поголема веројатност да соработуваат едни со други. Реализмот е жестоко критикуван поради поголемата нагласеност за важноста на државите. Исто така, меѓународниот систем несомнено се промени со текот на годините, нема големи војни,

[24] Glaser, C. (1994). Realists as Optimists: Cooperation as Self-help. *International Security*, Vol 19, No.3, p.50
[25] Adams, R. (2003). Attack and Conquer? International Anarchy and the Offense-Defense Deterrence Balance, *International Security*, vol.28, No.3, pp.45-83

Студената војна завршила без никаква агресија која реалистите не успеале да ја предвидат и државите генерално изгубиле интерес за територијална предност. Роберт Џарвис дури верува дека реалистичката теорија нема да може да го објасни конфликтот или соработката во наредните години.[26] Всушност, најголемите критичари на реалистите се либералите или институционалистите како што исто така се нарекуваат.

Либерализмот се родил веднаш по завршувањето на Првата светска војна. Европа била толку шокирана од она што се случило што политичарите сакале да изнајдат начин да спречат било какви војни да се случат во иднина. Така, Вудро Вилсон (Woodrow Wilson), тогашниот претседател на Соединетите Држави подготвил 14 точки за да се создаде мир низ меѓународниот систем и да се создаде начин за управување со меѓународната анархија.[27] Либералната теорија претрпела голем удар кога избувна Втората светска војна, само неколку години по создавањето на 14-те точки и повеќето научници и политиколози биле скептични за речиси пацифистичките ставови на либералните теоретичари до крајот на Студената војна.[28] Причината зошто либералниот став станал повеќе популарен по Студената војна е затоа што државите ги усвојувале меѓународните закони, контролата на оружјето, улогата на меѓународните организации станала многу поголема и се појавила желбата за демократија во многу држави. Пред да се анализираат кои пречки според либералите ја запираат соработката, императив е да се објаснат главните точки на дебатата меѓу реалистите и либералистите. За разлика од класичните реалисти, либералите веруваат дека човечката природа е способна да ја спречи агресијата. Нивната главна претпоставка е дека војната не е неизбежна и дека има многу поголем потенцијал за соработка доколку се намали анархијата. Можни се целокупни глобални промени.[29] Главната пречка за соработка за либералистите е едноставна: нема доволно меѓународни институции. Според идеалистите, доколку светот создаде меѓународни организации кои промовираат мирни промени, разоружување и меѓународни закони, соработката би била многу полесно да се постигне. Доколку е потребно, овие меѓународни организации можат да користат присила

[26] Jarvis, R. (1999). Realism, Neoliberalism and Cooperation: Understanding the Debate, *International Security*, 24 (1), p.42
[27] Baylis, J. (2008). *The Globalization of World Politics*, p.114, New York, Oxford University Press
[28] Brown, C. (2007). *Understanding International Relations*, pp.21-22, New York, Palgrave Macmillan
[29] Jarvis, R. (1999). Realism, Neoliberalism and Cooperation: Understanding the Debate, *International Security*, Vol.24, No.1, p.43

врз државите. Државите кои се обврзани со правила и норми создадени од институциите нема да имаат друг избор освен да соработуваат. Во глобалното опкружување во кое сега е врзан меѓународниот систем, новите актери како транснационалните корпорации и невладините организации ќе ја олеснат меѓусебната зависност и интеграцијата меѓу државите што пак ќе доведе до мирна меѓународна средина.[30] Друга пречка за соработка, според либералите, е огромниот демократски дефицит на глобално ниво.

Либералистите веруваат дека демократските држави дејствуваат мирно едни кон други и повеќето конфликти и закани во светот доаѓале од нелибералните држави. Да се најде објаснување за ова не е лесно, но доказите покажуваат дека западноевропските држави не војуваат меѓу себе од крајот на Втората светска војна. Можно е по ужасите на таа светска војна, демократските држави никогаш повеќе да не сакаат да го доживеат тоа. Друго објаснување би можело да биде дека либералните држави едноставно сфаќаат дека соработката со другите земји е од корист за нив. Тоа е вредно економски, посебно во глобалниот свет и системот на слободна трговија. Организациите како СТО (Светска трговска организација) промовираат слободни пазари, а државите го користат тоа за да ја зголемат својата економска профитабилност. За либералистичките теоретичари, доказите постојат и за тоа како организациите меѓу кои ЕУ и НАТО промовираат мир и соработка. Додека ЕУ има свои недостатоци, организацијата направи многу за Европа. Создаде заедничка основа меѓу европските држави, создаде демократија во 27 земји, вклучително и држави од поранешниот Советски Сојуз кои биле под авторитарен режим.[31]

За да функционира соработката, меѓународниот систем треба да биде исполнет со демократски држави, со отворени пазари и институции како ЕУ за да се олесни безбедноста. Неопходно е да се истакне дека либералистите се согласуваат со реалистичката теорија за анархија, рамнотежа на моќта и меѓународниот систем за взаемна помош. Разликата е во тоа што либералите сугерираат дека институциите и демократските држави ќе можат да се справат со таквите пречки и соработката ќе дојде природно. Меѓутоа, и институционализмот има свои недостатоци. Како прво, најголемиот проблем со институциите е што државите ќе ги прифатат овие институции само кога тоа е во нивна

[30] Keohane, R. Martin, L. (1995). The Promise of Institutionalists Theory, Internatioanal Security, vol.20, No.1, p.43
[31] The Guardian (2007). *So, what has Europe ever done for us?* Достапно на: www.indipendent.co.uk

полза и во нивен национален интерес. На пример, Обединетото Кралство не го прифаќа еврото како своја валута, бидејќи не е во нивен интерес да го сторат тоа. Ова укажува на тоа дека организациите не се толку моќни како државите, што ги наведува реалистите да дојдат до заклучок дека таквите организации не можат да ја олеснат соработката доколку одредена држава не сака да го стори тоа. Второ, претворањето на земјите во демократски, либерални држави не е лесно, ако не и невозможно. Примерот на Ирак каде Соединетите Држави се обиделе да се ослободат од авторитарен лидер и да промовираат мир во земјата, планот лошо поминал и создадал ништо друго освен хаос и неред во Ирак. На крајот, сите држави може да напредуваат кон демократски политички систем.[32]

Реалистите веруваат дека природната човечка агресија која е апсорбирана од поединечни држави кои постојат во анархичен меѓународен систем може да ги поттикне да бараат моќ и да не им веруваат на другите држави, што ќе ја отежне соработката. Државите, исто така, повеќе се занимаваат со релативни придобивки отколку со апсолутни придобивки. Либералистите ги признаваат горенаведените точки на реалистите, но веруваат дека главната пречка е недостатокот на меѓународни институции кои обезбедуваат меѓународно право, поттикнуваат разоружување и поблизу ги интегрираат државите. Недостатокот на демократски и либерални држави е исто така пречка за соработката меѓу државите.

Дали може да се избегнат овие пречки? Да, според либералистите кои охрабруваат да се верува дека соработката еволуирала и дека државите повеќе од веројатно ќе си веруваат една на друга. На пример, договорот за нуклеарно разоружување меѓу Русија и САД бил јасен доказ дека дури и минатите несогласувања биле ставени настрана и дека големите, моќни држави биле задоволни со минимизирање на нивната воена моќ. Реалистите не се согласуваат со тоа, демонстрирајќи дека природата на светската политика не е променета. Дури и по завршувањето Студената војна, насилниот распад на Југославија, постојаната закана од војна и хаос на Блискиот Исток и војната во Ирак во 2003 година, покажале како светот во кој се живее сега можеби не е толку безбеден како што би се надевале. Од анализите на меѓународните односи, се чини, доколку се постигне безбедност,

---

[32] Baylis, J. (2008). *The Globalization of World Politics*, p.118. New York, Oxford University Press

автоматски ќе следи и соработка. Сепак, концептот на безбедност е остро оспорен концепт. По завршувањето на Студената војна биле покренати нови безбедносни прашања како што се деградација на животната средина, сиромаштија, глад и болести и слаби/пропаднати држави. Научниците, исто така почнале да веруваат дека безбедноста треба да биде фокусирана на луѓето, а не на државата. Безбедноста треба да обезбеди лична безбедност на поединците и намалување на заканите.[33]

Безбедноста за Третиот свет и неразвиените држави се разликува од безбедноста на развиените држави. По деколонизацијата, бројот на држави драстично се зголеми. Овие држави имаат многу ограничено време да се развијат и да ги достигнат европските држави, така што безбедноста во Третиот свет не се однесува само на воените димензии, туку и на потрагата по храна, здравствена и економска безбедност. Значи, за разлика од европските држави, безбедноста на земјите од Третиот свет доаѓа од самите држави, а не однадвор.[34]

Настаните од 11 Септември го сменија и начинот на кој размислуваат за безбедноста и соработката. Додека пред неколку години можеби имало конфликти меѓу држави или лидери, по 11 Септември борбата е насочена кон  непознат непријател, група луѓе наместо држави. Ако нема јасно објаснување што е безбедност, како државите можат да го постигнат? Дали некогаш ќе живееме во свет каде соработката е постојана, а војната и конфликтите се само минато? Предвидувањата честопати излегуваат како неточни и одговорот на ова прашање е едноставно неодговорен. Да не заборавиме и на другите пречки што многу теории не ги земаат во предвид. Проширениот јаз меѓу богатите и сиромашните, недоволната храна, ограничените природни ресурси како нафтата и повремените економски рецесии може да доведат до повеќе конфликти. Светот во моментот изгледа мрачно и само времето ќе покаже дали може да се изнајдат решенија за овие проблеми.[35]

Уште пред две децении било утврдено дека во светот постојат осум илјади различни културни групи што се населени во повеќе од 180 држави што се членки на ОН. 184 држави

---

[33] Buzan, B. (1984). *People, States and Fear*, p.23. London Harvester
[34] Ayoob, M. (1991). The Security Problematic of the Third World States. *World Politics*, p.43
[35] Clackson, A. (2011). *Conflict and Cooperation in International Relations*, достапно на: https://www.e-ir.info/2011/02/01/conflict-and-cooperation-in-international-relations/

имаат преку 600 различни јазични групи и 5000 етнички групи.[36] Повеќето нации се мултиетнички и се мултикултурни, а државите не се идентитетски хомогени. Таквиот диверзитет е најчесто резултат на политичките граници што биле арбитрарно нацртани од поранешните колонијални сили. Мултиетничноста е резултат на присуство на граѓани од поранешните колонии. Во Франција, прашањето за диверзитетот најчесто и најинтензивно се покренува во врска со културните активности на граѓаните од поранешните француски колонии во северна Африка.[37] Затоа се поставува прашањето дали тие можат да постојат заедно како членови на една иста нација-држава и како би требало да биде институционалниот одговор на тензиите и судирите коишто се резултат на таквиот диверзитет.[38] По драматичните конфликти кон крајот на 20 и почеток на 21 век, се создадоа новини за културниот идентитет. Конфликтите покажаа дека се предизвикани од конфронтација на политички спротивставени култури и идентитети и културните вредности преовладуваат над структурно- детерминираните економски интереси.[39]

# 5. ПОИМ ЗА ДИПЛОМАТИЈА И ДИПЛОМАТСКИ ДИЈАЛОГ

## 5.1 Поим за дипломатија

Во меѓународните односи, централна алатка во регулирање на односите меѓу државите и нациите е дипломатијата. Воспоставување на дипломатски односи меѓу државите секогаш асоцира на заедништво и соработка, градење на заемна доверба и

[36] Чупеска, А., (2013) *Културни идентитети во политиката – аспекти на мултикултурализмот*, KAS, Скопје, стр.8
[37] Galeotti, E. A., (1993) *Citizenship and Equality – The Place of Toleration, Political Theory* n.21, p.585, кој е цитиран кај: Addis, A., On Human Diversity and the Limits of Toleration, во: Ethnicity and Group Rights, NOMOS XXXIX, Yearbook of American Society for Political and Legal Philosophy, eds. Shapiro, I., (Yale University) and Kymlicka, W., (University of Ottawa), New York University Press, New York and London, 1997
[38] Kritz, N. J. (ed.), (1995) Transitional Justice: How Emerging Democracies Reckon with Former Regimes, Vol.1. Washington, DC: United States Institute of Peace Press, p.57
[39] Чупеска, А., (2013) *Културни идентитети во политиката – аспекти на мултикултурализмот*, KAS, Скопје, стр.13

развивање на пријателство. Дипломатијата е основно средство каде што народите и државите преку креирање на односи настојуваат да ги постигнат своите цели.

Дипломатијата содржи преговарање, комуницирање, решавање на основни државни интереси со други држави. Во некои други дефиниции се истакнува дека дипломатијата означува ангажирање на официјални претставници во меѓународното преговарање, бизнис или способност за водење меѓународни односи или начин на кој се извршуваат меѓународните работи. Во начинот да се утврдат основните правци на дипломатијата, може да се тргне од четири различни пристапи:

-Првиот пристап ја изедначува дипломатијата со надворешната политика. Еден од научниците што се занимаваат со оваа проблематика е Ханс Моргентау (Hans Morgenthau) кој смета дека дипломатијата е формулирање и спроведување на надворешната политика. Во меѓународните односи креаторите на надворешната политика се изедначуваат со дипломатите.

-Вториот пристап ја изедначува дипломатијата со техниките на надворешната политика. Терминот дипломатија значи збир на средствата и специфичните активности што ги користат државите во својата надворешна политика. Советскиот дипломатски речник ја дефинира дипломатијата како технички инструмент за спроведување на надворешната политика.

-Третиот пристап во целина ја идентификува дипломатијата со меѓународното преговарање. Сфаќајќи го преговарањето како главна функција на дипломатијата и дипломатите, а надоврзувајќи се на делата на Калиерес и Мартенс, тој концепт смета дека дипломатијата е, всушност, меѓународно преговарање и во таа улога е, всушност, нејзината најважна задача што ги сокрива сите останати функции.

-Четвртиот пристап ја поедноставува проблематиката, тврдејќи дека дипломатијата е задача на дипломатите. Англискиот речник од Оксфорд запишал дека дипломатијата е бизнис и способност на дипломатите.

Во секој од овие пристапи постојат дел од задачите на дипломатијата. Точно е дека дипломатијата е дел од надворешната политика на државите, таа е во значителна мерка поврзана за преговарањето, а не може да се негира и тврдењето дека таа е дејност на

дипломатите. Но, сето тоа целосно не го објаснува поимот дипломатија. Етимолошки, лексикографска и функционалната интерпретација може да помогнат во одредување на поимот и разграничување од другите и тоа помага во пронаоѓање на одговорот за тоа што е дипломатијата.

Најчесто дипломатијата се изедначува или се подведува под меѓународните односи, водење надворешна политика, имплементација на надворешна политика, службено комуницирање меѓу државите и владите при преговори. Изедначувањето на меѓународните односи и дипломатијата тргнува од сфаќањето дека се работи за единствен процес и во поедини степени на развојот на меѓународните односи може да се каже дека тие се изедначени. Остварувањето на надворешната политика ја поставува дипломатијата во супсидијарна положба како дејност на надворешната политика, иако се применуваат и различни пристапи за спроведување. Основна разлика меѓу двете активности е во тоа што создавањето надворешна политика е децентрализирано и дека не влијае на политичките актери, домашни и странски, додека спроведувањето на надворешна политика влијае во сите фази и правци на нејзината примена. Теоретичарите што го прифаќаат ова сфаќање, ја утврдуваат дипломатијата како дел од надворешната политика и процес на нејзино остварување. Најважниот пристап ја изедначува дипломатијата со преговарањето. Харолд Николсон тврди дека дипломатијата е умешност за преговарање. Секако преговарањето е една од главните активности на дипломатите, поврзана со политичката активност на државата што ја претставувааат, но невозможно е само преку преговарањето да се идентификува дипломатијата како дејност.[40]

Како главна функција на дипломатијата, преговарањето се остварува преку неколку функции:

- репрезентација;
- формулација и идентификација на целите и интересите;
- можност за одржување на добри односи;
- можност за воспоставување и обнова на правилата и процедурите што го регулираат меѓународниот систем.

[40] Vukadinovic, R. (2004). *Politika i diplomacija*, str.82. Politicka kultura, Zagreb

Дипломатијата типично се дефинира како професија и збир на задачи, како што е комуникацијата, репрезентација и преговарање [41] и се директно поврзани со уметноста на државничкиот дух. Во „дипломатија“ на Хенри Кисинџер[42], нејзината улога е менаџирање меѓу две страни. Неговото дело се смета за мировен начин за менаџирање со односите меѓу државите. Пошироко, дипломатијата се дефинира како институционално јадро на меѓународното општество, претставувајќи одредена култура. Хедли Бул ја дефинирал дипломатската култура како заеднички збир на идеи и вредности што ги поседуваат официјални претставници на држави.[43] Зборувајќи од генеалошка перспектива, Дер Дериан ја третира дипломатијата како медијација на оттуѓеноста што има доблест да овозможи и критичка перспектива, ако не се редуцира дејствувањето на дипломатите како претставници на држави.[44] Дипломатијата, исто така може да се дефинира и како професија, што ја репродуцираат “маркерите“ на идентитетот, а контролата над клучните задачи ја имаат во раце само признаени дипломати.[45] Шарп развил дипломатска теорија за меѓународната политика.

## 5.2 Поим за дипломатски дијалог

Дијалогот стана еден од главните механизми во меѓународната политика денес. Особено малите држави се повеќе ја нагласуваат важноста од дијалогот и медијацијата. На пример, Јонас Гар Шторе, поранешен норвешки министер за надворешни работи, изразил став кој стана споделен меѓу многумина дипломати и научници за надворешни работи: вклучување во дијалог со група и нејзините членови не е исто што и легитимирање на нејзините цели и идеологија. Ако се користи вешто, ангажманот може да ги ублажи нивните политики и однесување“. Тој го застапува овој пристап како „принципиелен реализам“ – пристап кој се обидува да најдат решенија кои го подобруваат светот и ги препознаваат

[41] Satow, E. (2009). *Guide to Diplomatic Practice*, 6th ed, London, Longman, p.314
[42] Kissinger, H. (1994). *Diplomacy.* New York: Simon and Schuster, p.17
[43] Bull, H. (1977). *The Anarchical Society: A study of order in World Politics*, London, Macmillan, p.10
[44] Constantinou, C. (1996). *On the way to Diplomacy*, Minneapolis, MN: University of Minnesota Press, p.120
[45] Abbott, A. (1988). *The system of professions*, Chicago, IL, University of Chicago Press, p.352

ограничувањата на сегашниот глобален поредок.[46] Иако, интересот се зголемувал за дијалогот како средство во разрешување конфликти, сѐ уште не е јасно што точно тоа значи. Терминот се користи на неколку различни начини во литературата и емпирискиот дискурс. Дијалогот често се користи како синоним за формални преговори меѓу две или повеќе страни во конфликтот каде што целта е да се постигне договор, а понатаму се користи повеќе во т.н. неформални процеси (back – channel diplomacy) на комуникација меѓу страните, што води до преговори. Терминот, исто така се користи за да се опише пошироко градење на мировниот процес со цел да се избегне ескалација на конфликтот или кризата, крајната цел постигнување на конкретна преговарачка рамка. Покрај овие различни сфаќања, улогата на дијалогот исто така се разликува и зависи од конкретниот конфликт за кој станува збор. Од посебна важност се факторите како што се „релации на моќ" и "искуството и улогата на третата страна како потпомагач (олеснувач)". Сите неформални процеси го сметаат дијалогот за прогресивна сила во поттикнување на взаемното разбирање и почитување при решавање на конфликтите. Дали дијалогот може да се носи со таков товар? Дали дијалогот навистина решава конфликти и под кои услови и околности? Дијалогот е политичка алатка за решавање длабоки конфликти меѓу државите и конфликтните страни во рамките на формално признаени територијални граници.[47]

Воспоставувањето на дијалог меѓу страните кои можеби не се заинтересирани за меѓусебни разговори претставува предизвик. Кај конфликтите, прекинот во комуникацијата меѓу страните е дел од проблемот. Квалитетот на која било форма на комуникација зависи во кој контекст е комуникацијата и способноста на страните да ја презентираат својата порака на начин што е разбирлив за страните, кажано со други зборови пораките можат да се кодираат и декодираат за да се избегнат недоразбирања. Централно прашање е како страните во конфликтот ја дефинираат причината за конфликтот и можниот начин за негово решавање. Како што може да се види, она што често недостасува е токму таква заедничка рамка за да се проценат причините и да се дискутира за нив. Наместо тоа, актерите создаваат

[46] Store, J.G. (2011). *Why We Must Talk.* New York Review of Books, Достапно на: www.nybooks.com/articles/archives/2011/apr/07/why-we-must-talk
[47] Rieker, P., Thune, H. (2016). *Dialogue and Conflict resolution, potential and limits*, p.2, New York

меѓусебно исклучувачки каузални наративи и длабоки емоции кои служат за да ги оддалечат страните уште повеќе.

Како што погоре е споменато, исто така потребно е подобро разбирање и разјаснување на терминот „дијалог во меѓународната политика“ за да се утврди дека концептите на дијалог и преговори се суштински елементи во дипломатијата. Дијалогот е повеќе насочен кон неформалната комуникација меѓу страните, на различно ниво (на политичко или граѓанско ниво). Преговорите, од друга страна се однесуваат на официјални формални процеси, иницирани од двете страни со цел да се постигне договор во преговарачката рамка. Тоа значи дека дијалогот може да се однесува „Track I” и „Track II” дипломатија. Овие термини за прв пат ги воспоставиле Виљам Давидсон и Јозеф Монтвил во нивниот труд „Foreign Policy according to Freud”, што се појавил во Надворешна политика во 1981 година. Според овие автори, Track I дипломатијата се однесувала на тоа што дипломатите прават услови на формални и неформални преговори меѓу нациите, додека Track II дипломатијата е специфичен вид на неформална дипломатија каде што неофицијални лица (академици, пензионирани цивилни и воени лица, јавни личности и граѓански активисти) се вклучени во дијалог, со цел за разрешување на конфликтот и градење доверба. Овој вид дипломатија често се наметнува кај длабоките конфликти или кризи каде што постои ризик од ескалација.[48] Третата категорија позната како Track III се однесува на иницијативи за дијалог од страна на локални организации или меѓународни развојни агенции и сл. Додека Track I вклучува дипломати, Track II и Track III вклучуваат лица од граѓанското општество и повеќе се фокусирани на градење доверба, а потоа и на доаѓање до конкретен исход.[49] Иако овие разлики може да бидат корисни за креирање политики, постојат и очигледни ограничувања со ваквата категоризација. Во пракса, дипломатијата, дијалогот и преговорите имаат тенденција да бидат многу посложени процеси кои вклучуваат повеќе актери, мерки и процеси. Важно е да се напомене дека дијалогот како алатка за решавање на конфликтот, суштински зависи од тоа како функционира и ги обликува ставовите на актерите. Многу зависи од тоа дали дијалогот има

[48] Davidson, W.D., Montville, J.V. (1981). Foreign Policy According to Freud, *Foreign Policy*, pp.145-157

[49] Reimann, C. (2004). Assessing the Stat-of-the Art in Conflict Transformation. In: *Berghof Handbook for Conflict Transformation*, Berlin: Berghof Research Center for Constructive Conflict Management, Section, достапно на: http://www.berghof-handbook.net/articles/section-i-concepts-and-cross-cutting-challenges

за цел да промовира разбирање, со цел да ги промени идентитетите и интересите на актерите, или дали (само) да се избегне ескалација и употреба на насилство. Покрај тоа, мотивациите за вклучување во дијалог може да се разликуваат. Во некои случаи, страните може да се вклучат во дијалог од инструментални или тактички причини без заложба за мирно решавање на конфликтот. Во други случаи, Советот за безбедност на ОН може да наложи дијалог на страните, без нивна доволна посветеност и да се постигне натамошно градење доверба или некаков договор.

## 5.3 Дијалогот кога мотивациите и целта се разликуваат

Многу е важно да се направи разлика меѓу двете дипломатски „Tracks”, споменати погоре што е многу тешко во практиката. Всушност, некои типови на неформален дијалог се често потпомогнати од дипломатите, ако таквиот начин се покаже како успешен, повеќе формални преговори може да го следат тој начин. Една интерпретација на дијалогот го гледа начинот како процес на водење кон формални преговори. Треба да се направи разлика меѓу дистрибутивниот и интегративниот пристап.[50] Додека дистрибутивниот пристап покажува став што е далеку од дијалог, интегративниот пристап покажува повеќе заедништво со дијалогот.[51] Најпознат пример за интегративниот пристап е проектот „Харвардските преговори“, кој се надоврзува на работата на Роџер Фишер и Вилијам Ури. Тие направиле рамка за преговори во три фази каде што ефикасноста зависи од тоа како преговарачите третираат четири суштински елементи: интереси, луѓе, опции и критериуми.[52] Овие четири елементи, во подоцнежното издание на истата книга, се надополнети во седум чекори на преговори:

Чекор 1 – идентификување на интересите што може да се разликуваат од позициите, тие може да покажат вин-вин потенцијал;

---

[50] Zartman, I.W. (1988). Common Elements in the Analysis of the Negotiation Process, *Negotiation Journal*, pp.31–43

[51] Alfredson, T., Cungu, A. (2008). *Negotiation Theory and Practice*, Easypool Module, p.179, The Food and Agricultural Organization of the United States (FAO) достапно на: www.fao.org/easypol

[52] Fisher, R., Ury, W. (1991), *Getting to Yes: Negotiation Agreement Without Giving In*. New York: Penguin Books, p.45

Чекор 2 – луѓето да се одделат од проблемот, дипломатијата, довербата создавање личен однос;

Чекор 3 – создавање алтернативи што се суштински за двете страни за да се препознае најдобрата алтернатива за преговарачкиот договор – BATNA;

Чекор 4 – создавање опции – ова може да промовира креативно мислење и да се прошири способноста за решавање на проблемот;

Чекор 5 – легитимитет на критериумите – согласност за заеднички прифатливи критериуми;

- Чекор 6 – обврски – сите страни треба да ги почитуваат преземените обврски;
- Чекор 7 – комуникација, добри комуникациски вештини, да се биде добар слушател и да се справат со тешки емоции.

Додека интегративниот пристап е стратегија за Track I дипломатијата, може да се претпостави дека на оваа фаза и претходи фаза неформален дијалог или на некој позадински дијалог. Може да има и случаи каде што дипломатијата Track II преминува во нова фаза која може да се анализира како форма на интегративен преговарачки процес. Така, границите меѓу различните процеси не се секогаш толку јасни, во некои случаи може да се комбинираат сознанијата од литературата за дипломатијата, преговарање и решавање на конфликти, за подобро разбирање на потенцијалот и границите на дијалогот како алатка за решавање на конфликти. Track I дипломатијата се користи да се опише позадинскиот дијалог што го спроведуваат дипломатите. Постојат случаи каде што дијалогот не е со амбиција да доведе до фаза на преговори, туку се гледа како начин на промовирање разбирање и доверба. Целта на ваквиот процес е да се превенира насилен конфликт или да се избегне ескалација на постоечкиот конфликт. Овие процеси често се потпомогнати од една или неколку страни и се водат повеќе или помалку тајно. Овој вид дијалог е комплексен, може да вклучи средства за целосно воспоставување мир со цел за создавање доверба меѓу страните на различни нивоа на граѓанското општество. Додека Рейман (Reimann,2004) и другите теоретичари би го вклучиле во категоријата Track II и Track III дипломатија (во зависност од вклучените актери). Тоа е ориентиран процес, а не краен

исход.[53] Сепак, дури и да се комбинираат различните Track дипломатии, може да биде корисно да се направи разлика меѓу пристапите ориентирани кон исходот и пристапите ориентирани кон процесите, како и односот на моќта меѓу спротивставените страни.

## 5.4 Дијалогот и улогата на моќта

Дијалогот се разликува и во однос на вклучените констелации на моќ. Тој меѓу повеќе или помалку еднакви страни ќе има поинаква динамика од онаа каде што односот на моќта е асиметричен. Како и да е, успешен процес на дијалог секогаш подразбира подготвеност за учење и убедување со сила на подобриот аргумент. Ова значи дека „меката моќ“ или моќта на привлекување може да биде релевантна. Џозеф Нај (Joseph 2004) идентификува три различни типови на моќ: цврста, економска и мека моќ. Со оглед на тоа што првите два типа се обидуваат да присилат или поттикнат за да го добијат посакуваното однесување од другата страна, меката моќ вклучува „да ги натераш другите да ги сакаат резултатите вие што ги сакате“. Заканите и силата се „валути“ на цврстата моќ, а плаќањата/санкциите на економската моќ, но „политиките, вредностите, културата и институциите“ се валути на меката моќ. Додека цврстата моќ ја повлекува способноста да се наметнуваат преференции над другите, меката моќ „се потпира на способноста за обликување на преференциите на другите“, што пак бара добри комуникациски вештини. Така, надворешно - политичката алатка на дијалогот се чини дека доста добро се вклопува со концепт на мека моќ. Ова е алатка која традиционално ја фаворизираат помали држави и од поголеми актери со помалку ресурси со цврста моќ, но, исто така, стана сè поприфатен како плоден пристап за повеќе моќни актери (на пример, САД). Од друга страна, потешко е да се биде убедлив како кредибилна мека сила кога и тој актер има значителна цврста моќ и економска моќ. Дијалогот е донекаде парадокс во светската политика: додека дијалогот е дефиниран како карактеристика на дипломатијата и често се повикува да ги намали тензиите и избегнува конфликти, тоа може да се гледа и како знак на слабост, токму поради

[53] Reimann, C. (2004). Assessing the Stat-of-the Art in Conflict Transformation. In: *Berghof Handbook for Conflict Transformation*, достапно на: http://www.berghof-handbook.net/articles/section-i-concepts-and-cross-cutting-challenges

тоа што подразбира подготвеност да се промени нечија позиција и да се убеди со аргументи другата страна.[54] Бидејќи, тоа е централна карактеристика на дијалогот (иако различните типови дијалог се фокусираат на различни видови инструменти), може да биде важно комуникацијата да се води во тајност. Тоа можеби ќе помогне да им се олесни на страните да зборуваат послободно и да разгледаат различни опции или мерки.

Дијалогот често има позитивна конотација. Но, се поставува прашањето, дали секогаш е вистинското нешто за решавање на конфликтите. Дијалог со нации од истата култура, каде што актерите обично споделуваат заеднички вредности кои можат да овозможат комуникација и да промовираат решавање на конфликти, може да биде доволно тежок. Дијалогот во меѓународна сфера, среде конфликтни системи на вредности и без сеопфатен авторитет да санкционира договор, е уште потежок. Често постои недостаток на доверба, дури и целосно сомневање, и често нема вистински интерес за постигнување консензус. Како што забележала Џенифер Мицен, коментирајќи ја теоријата на Хабермас за комуникациско дејство, „странците можеби не го гледаат консензусот како пожелен, тие може да не се препознаваат меѓусебно за постигнување комуникациски консензус, а уште помалку да бидат подготвени да слушаат и размислуваат за меѓусебните аргументи“.[55] Покрај тоа, постојат и други димензии кои можат или да ја олеснат или да ја ограничат ситуацијата во дијалогот. Следниве три димензии се клучни за секаков вид дијалог: тајност наспроти отвореност, домашен легитимитет и емоции.

## 5.5 Тајност наспроти отвореност

Бидејќи дијалогот подразбира подготвеност да се убеди со аргументи другата страна, тој ја има и моќта да го поништи и преправи секој постоечки општествен консензус. Тој, исто така може да води кон насилство, бидејќи аргументативните процеси се соочуваат со потенцијално лизгав терен. Без ограничувања да се задржат актерите посветени на решавање на нивните несогласувања дискурзивно, аргументите може да се прелеат од

[54] Kagan, R. (2008). *The Return of History and the End of Dreams*. New York: Alfred A. Knopf, p.101
[55] Mitzen, J. (2005). Reading Habermas in Anarchy: Multilateral Diplomacy and Global Public Spheres, *American Political Science Review*, pp.401–417

конференциската маса на улица, или дури на бојното поле.[56] Голем дел од она што се случува во процесот на решавање на конфликтите се одвива зад затворени врати: навистина, тајноста е често предуслов за воопшто да се седнат на маса спротивставените страни. Додека тајноста може да доведе до позитивни резултати во некои случаи, постојат и ограничувања на овој пристап. Прво, тајните разговори го немаат истиот комуникациски хоризонт како јавните. Така, и покрај ранливоста на јавниот дијалог, тој всушност може да го олесни компромисот, не само преку процес на размислување и сила на подобар аргумент, туку поради она што Џон Елстер го нарекува „цивилизациска сила на лицемерие“. „Јавноста не ги елиминира основните мотиви, туку принудува и поттикнува преговарачите да ги сокријат“.[57] Со други зборови, иако противниците во дијалогот кажуваат едно и прават нешто многу различно. Меѓутоа, како што признава и Елстер, овој ефект на хипокризијата не е секогаш цивилизирачки, згора на тоа, може да има културни фактори кои спречуваат компромиси од други причини. Како пример тој споменува општества со строги кодекси на чест и морал. Овде, дури и поединец кој не сака да се одмазди може да биде принуден да го направи тоа за да се избегне презирот на кој, инаку, би бил изложен. Овие сознанија ги утврдиле Елстер и Мицен, потенцирајќи дека цивилизациска сила на хипокризијата, или она што Мицен го нарекува „форумски ефект на разговор“, работи на долг рок, додека тајноста се чини дека е предуслов за иницирање разговори и постигнување напредок на краток рок.

## 5.6 Важноста на домашниот легитимитет

Секој лидер, без разлика дали е демократски избран или автократски, има потреба од поддршка за да опстанат. Според моделот на Путнам, „домашните групи го следат својот интерес со притисок врз владата да усвои поволни политики и политичарите бараат моќ преку градење коалиции меѓу тие групи“. На меѓународно ниво, „националните влади

[56] Mitzen, J. (2005). Reading Habermas in Anarchy: Multilateral Diplomacy and Global Public Spheres, *American Political Science Review*, p.405
[57] Elster, J. (2011). Deliberation, Cycles, and Misrepresentation. *Paper prepared for the conference 'Epistemic Democracy in Practice'*, Yale University, p.12

настојуваат да ја максимизираат сопствената способност да го задоволат внатрешниот притисок, притоа минимизирајќи ги негативните последици од странските случувања".[58] Лесно е да се помисли дека оваа логика важи само во демократските држави, но дури и авторитарните режими имаат потреба од одреден степен на поддршка меѓу домашното население.[59]

## 5.7 Важноста на емоциите во дипломатскиот дијалог

Доминик Моиси (Dominique Moisi)[60] сметал дека чувството на страв, понижување и надеж се централни нешта кај конфликтите и нивното разрешување. Тој критикува дека Западот е доминантен преку културата на страв - страв за другите и странските култури, за да одржуваат глобална доминација. Во Арапскиот и Муслиманскиот свет, културата на понижување е операција, што го потхранува Исламскиот екстремизам што доведува до омраза кон Западот. Во меѓувреме, поголемиот дел од Азија е насочен кон градење на подобра иднина, создавање на култура на надеж. Овие методи не се универзални за секој регион, и постојат области како Русија и делови од Латинска Америка кои сите овие емоции ги прикажуваат истовремено. Конфликтите кои се поттикнати од емоции, се многу деструктивни и сочинуваат 5% од конфликтите за кои се смета дека се нерешливи. Бранителите на интегративниот пристап во преговарачката маса, како Роџер Фишер, би рекле дека секогаш треба да се преговара. Фишер добива поддршка од Јонас Гар Шторе, поранешен норвешки министер за надворешни работи, во врска со неформалните процеси на дијалог. Стор тврди дека „вклучувањето во дијалог со групата и нејзините членови не е исто што и легитимирање на целите и идеологијата на групата. Ако се користи вешто, може да ги модерира нивните политики и однесување".[61] Други, како Роберт Мнукин (2010), би сметале дека има моменти кога треба да се вклучи непријателот на бојното поле отколку на

---

[58] Putnam, R.D. (1998), Diplomacy and Domestic Politics: The Logic of Two-Level Games, *International Organization,* 42(3), p.427-460
[59] Eriksen, E.O. (2006), The EU – A Cosmopolitan Policy? *Journal of European Public Policy*,13(2), pp.252–269
[60] Rieker, P., Thune, H., (2016). Dialogue and Conflict resolution, potential and limits, New York, p.9
[61] Store, J.G. (2011), *Why We Must Talk*, New York Review of Books, достапно на: http://www.nybooks.com/articles/archives/2011/apr/07/why-we-must-talk

масата за преговори. Тој тврди дека не треба да се занимава со актери чии вредности во основа се контрадикторни со сопствените. Фишер и Мнукин го советувале Џорџ В. Буш во 2001 година како да одговори на понудата на талибанскиот лидер Мула Мохамед Омар за преговори. Фишер сметал дека администрацијата на Буш треба да ја прифати понудата, затоа што секогаш требало да се обиде да го реши конфликтот преку преговори засновани на интересите на страните. Спротивно на тоа, Мнукин тврдел дека понудата треба да се одбие, бидејќи немало смисла да се преговара со талибанците во тоа време, поради ограничените шанси за успехот, во комбинација со ризикот од слабеење на интегритетот на администрација на Буш. Овие две позиции почиваат на фундаментално различни концепции за тоа што е дијалог и што може да се постигне. Наспроти ова, важно е емпириски да се процени како и до кој степен дијалогот, изолирано или во комбинација со други фактори може да помогне во обликувањето на резултатите.

## 5.8 Превентивна дипломатија во современите меѓународни односи

Терминот превентивна дипломатија е релативно нов термин, чии корени се застапени во иновативните размислувања на вториот генерален секретар на ОН (1953-1960) Даг Хамаршелд.[62] Тој сметал дека ОН требала во тој период со сите сили, новите потенцијални конфликти да ги држи понастрана од сферата на разликите меѓу суперсилите. Според него, терминот превентивна дипломатија се употребува во врска со оние случаи каде што првобитниот конфликт е резултат на создаден вакум на моќ меѓу главните блокови или каде што постоел ризик од такво нешто.

Превентивната дипломатија вклучува акција која се презема за превенција на недоразбирањата што настанале меѓу страните со цел да не се прошират и да не прераснат во конфликт и ограничување на неговото понатамошно ширење, ако дојде до негова појава. Превентивната дипломатија може да вклучи испраќање на дипломати од висок ранг од регионална или од меѓународна организација или од држава во конфликтната зона за да им

[62] Сокалски Х., (2005*) Грам превенција: Македонија и искуството на ОН во превентивната дипломатија*, МИ-АН, Скопје, стр.30

помогнат на страните да ги сменат перцепциите и да преземат мерки на деескалација на конфликтот.[63] Според истражувањата на Карнегиевата комисија на САД и фондацијата Дичли од Велика Британија, превентивната дипломатија претставува употреба на проактивни, ненасилни мерки со цел да се спречат политичките конфликти да прераснат во насилство и со цел да се поттикне мирно решавање на споровите. Според генералниот секретар Бутрос Гали, превентивната дипломатија претставува употреба на дипломатски техники чија цел е да се спречи појавата на спорови, да се спречи споровите да ескалираат во вооружени конфликти, ако сепак се појават и ако не успее, да се спречи ширењето на вооружениот конфликт.[64] На превентивната дипломатија се гледа како превентивен механизам заснован на принципите на Повелбата на ОН. Многу често, на предупредувањата дека претстои конфликт се реагира со задоцнета акција. Во некои делови од светот е постигнат импресивен напредок во насока на демократија на одговорни форми на власта и градење на доверба меѓу државите чии односи се историски оптоварени.[65] Советот за безбедност повикувајќи се на Декларацијата на ОН за превенција и решавање на спорови и на Декларацијата за утврдување на фактите во областа на одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, го задолжи генералниот секретар да подготви анализа и препораки во врска со начините на зајакнување на ефикасноста и способноста на ОН, во согласност со одредбите од Повелбата:

- Превентивна дипломатија;
- За воспоставување мир;
- За одржување на мирот.

Истражувачите на превентивната дипломатија сметаат дека во Декларацијата за утврдување на фактите во областа на одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, Генералното Собрание промовира четири значајни моменти:

[63] Митревска М.(2018) *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Скопје, стр.61-62
[64] Ghali B., (1992) *An Agenda for Peace, Preventive Diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping,* Report of the Secretary General pursuant to the statement adopted by the Summit Meeting of the Security Council, New York, UN, p.7
[65] Митревска М.(2018) *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Скопје, стр.67

- Се признава важната улога на ОН  и нејзините институции во превенцијата и решавањето на меѓународните спорови што може да доведат до несогласувања или да предизвикаат меѓународен спор;
- Промовирање на принципи за акција од страна на државите. Целта е да се спречи појава на спорови и тоа преку добронамерно исполнување на нивните обврски согласно меѓународното право;
- Барање до генералниот секретар на ОН почесто да се повикува на пророгативите од Повелбата на ОН.Врз основа на член 99 од Повелбата да поведува  и учествува во превентивни акции;
- Промовирање на нови и поголеми овластувања од областа на испитувањето и проценатa. Генералниот секретар добива овластувања во делот на користење на механизмите на ОН за утврдување на факти во рана фаза заради придонес во превенција на споровите, да презема мисија за утврдување на факти кога ќе се појави спор или спорна ситуација.[66]

# 6 МЕЃУНАРОДНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ

Меѓународната дипломатија вклучува преговори меѓу нациите со цел промовирање на мировна коегзистенција, соработка и решавање на конфликти. Конфликтите се основна карактеристика на меѓународната дипломатија и нивното разрешување бара спроведување на ефективна стратегија за разрешување на конфликти.

Меѓународната дипломатија вклучува претставници на високо ниво и дипломати кои се вклучуваат во преговори, конференции и договори за промовирање на мирот и соработката меѓу народите. Овој тип на дипломатија се фокусира на формални канали и често се користи за решавање на конфликти и воспоставување договори на глобално ниво.

[66] Сокалски Х., (2005*) Грам превенција: Македонија и искуството на ОН во превентивната дипломатија*, МИ-АН, Скопје, стр.32

Дипломатијата на меѓународно ниво игра клучна улога во спречувањето и разрешувањето на конфликти преку анализа на факторите на конфликтот, поттикнување на интеракцијата меѓу учесниците и со цел да се постигнат цели додека се избегнува ескалација на војување од големи размери. Дипломатските техники како што се системите за рано предупредување, медијацијата и надворешните притисоци помагаат во спречувањето и разрешувањето на конфликтите, нудејќи им вредни стратегии на практичарите за заштита и ефикасно да ги ублажат конфликтите. Дипломатијата игра клучна улога во спречувањето на конфликти преку олеснување на комуникацијата меѓу државите за постигнување на надворешно-политичките цели без применување на сила.

## 6.1 Медијацијата во разрешување на конфликти

Медијацијата е еден од политичко-дипломатските начини кои најчесто се регулираат, но и се користат за решавање на меѓународните конфликти меѓу државите. Тоа е регулирано со меѓународните конвенции или со повикување на категоријата на мирни методи на кои припаѓа. Во околностите во кои е јасно регулирана, медијацијата може да се најде заедно со помирувањето, според моделот предвиден со член 33 од Повелбата на ООН. Освен методот на набројување, постојат и (поретко) ситуации во кои медијацијата е посебно означена како самостојна или заедно со другите техники. Што се однесува до меѓународните организации, може да се забележи дека освен што медијација се предвидува во нивниот статут, се прават напори да се организира постојана професионална основа за некои структури, специјализирани за користење медијација во текот на процесот на решавање на конфликти. Важноста на медијацијата како метод за спречување и решавање на споровите беше подвлечена кога Генералното собрание на ОН усвоила посебна резолуција во врска со овој метод, но и при создавањето на специјализирано тело за медијација. Римската доктрина ја дефинира медитацијата како „дејствие на трета страна (држава, организација или службено лице), на учество во мировните разговори што таа

вообичаено ги води, со испитување на основата на конфликтот и давање предлози способни да понудат основа за решавање“.[67] Медијацијата ги има следните карактеристики:

- Тоа е политичко-дипломатски метод за решавање конфликти;
- Се пристапува кон медијација кога конфликтот не може да се реши од страните и во пракса претставува продолжување на напорите што ги даваат страните за решавање на конфликтот;
- Вклучува интервенција во конфликтот од трета страна што е прифатена од страните во конфликтот. Во својата суштина, медијацијата претставува форма на преговарање, вклучувајќи дополнителен протагонист;
- Има изборен карактер: од една страна, вклучува прифаќање од страните на мировните обиди што ги прави медијаторот, додека од друга страна, се прифаќа барањето на медијаторот страните да се согласат на арбитража;[68]
- Медијацијата подлежи на вонправни елементи. Елементот на интерес од перспектива на меѓународното јавно право е дека основните принципи се почитуваат при примената на медијацијата.[69]

Медијацијата, како метод за решавање спорови, е регулирана со меѓународното јавно право и со националните закони како вонсудска постапка, но природата на двете регулативи е различна.

Медијацијата е регулирана со меѓународните конвенции и во многу случаи се користи клаузулата со слична содржина: „доколку дојде до конфликт меѓу страните во врска со спроведувањето или толкувањето на конвенцијата, страните ќе се обидат да го решат тој конфликт со мировни разговори или други мирни методи“. Ваква регулатива се среќава во Хелсиншката конвенција за заштита и користење на прекугранични водни текови и меѓународни езера (член 22), Базелска конвенција за контрола на прекуграничното движење на опасен отпад и нивно отстранување (член 20), Рамковната конвенција на ОН за

[67] Geanamanu, G. (1983). *Drept international public*, Vol. II, Buvhurest: Ed Didactica si Pedagogica Pubi House p.400
[68] Mcoord, M. (1982). *Mecanisme de reglementare pe cale pasnica a diferendelor dintre state*, Buchurest: Ed Politica Publ.House. pp.377-380
[69] Popescu, D., Chebeleu, T. (1983). *Solutionarea pasnica a diferendelor international*, Buchurest: Ed Academiei Romane Publ.House, p.36

климатски промени (член 14) итн. Оваа форма на регулирање на медијацијата може да се најде и во меѓународното право за животна средина типично за конвенциите како што се: Конвенцијата од Најроби (2007) за отстранување на потонати пловни објекти (член 15), Меѓународната конвенција од Хонг Конг за безбедни и еколошки здраво рециклирање на бродови од 2009 година (член 14), Меѓународна конвенција од 5 октомври 2001 година за контрола на штетни системи за заштита од ѓубре на бродови (член 14), Договор на ФАО од 24 ноември 1993 година за промовирање на усогласеноста со меѓународните мерки за заштита и управување на рибарски бродови на отворено море (член 9), Конвенција за зачувување на јужната сина туна потпишана во 1993 година од Австралија, Јапонија и Нов Зеланд (член 16) итн.

Покрај тоа, медијацијата може да се најде како  регулатива и во меѓународното економско право типично за конвенциите како што се: Договорот за Светската трговска организација од Маракеш (член 5 од Анекс 2), Договорот на Аруша од 30 ноември 1999 година за Источно-африканската заедница (член 7), Протоколот A.S.E.A.N за зајакнат механизам за решавање спорови од 2004 година (член 4) итн. Исто така, медијацијата е регулирана со меѓународните трговски договори како што се: Договорите за слободна трговија меѓу Кина-Нов Зеланд, ASEAN-Кореја, Кина-Костарика, Јапонија-Швајцарија и сл. Во практиката на Европската унија, може да се забележат потемелни правила за посредување кои се однесуваат на протоколите насочени кон решавање на трговски спорови во рамките на евро-медитеранските договори склучени со Египет, Алжир, Јордан и Мароко.

Важноста на медијацијата како метод за спречување и решавање на споровите била на сила кога Генералното собрание на ООН усвоило посебна резолуција во врска со овој метод. Така, на 28 јули 2011 година беше усвоена Резолуцијата 65/283 и именувана како „Зајакнување на улогата на медијацијата во мирно решавање на спорови, спречување и решавање на конфликти“ и ова, всушност, го потврдил фактот дека медијацијата е ефикасен метод за спречување и решавање на спорови. Оваа резолуција ги повикува земјите-членки на ЕУ да развијат свои национални услуги за медијација, навреме да ги обезбедат потребните ресурси и почесто да ја користат медијацијата во билатералните односи. Покрај тоа, истата Резолуција ја потврдува важноста на организациите во процесот на медијација

и ги советува државите да прибегнуваат кон нивните услуги и услугите на ОН, особено оние на Генералниот секретар. Улогата во практикувањето на медијацијата и добрите функции е признаена и од него се бара активно да се вклучи на ова поле. Покрај општите одредби за важноста и улогата на медијацијата, Резолуцијата содржи и низа конкретни одредби во однос на практикувањето на медијацијата. Меѓу нив се:

- обука на непристрасни експерти за ефикасно да ги поддржуваат напорите за медијација. Тие мора да бидат присутни во сите области на светот и мора да го поддржуваат Генералниот секретар на ОН во одржувањето на ажурирана листа на медијатори;
- Охрабрување на жените да учествуваат во тимовите за медијација и како членови и како главни медијатори;
- За медијацијата да биде веродостојна, потребно е да се добие согласност од страните во однос на одреден спор, непристрасност на посредниците, почитување на мандатот, почитување на националниот суверенитет и усогласеноста од сите вклучени субјекти, како и должностите што ги создава меѓународното право.

## 6.2 Преговарањето во разрешување конфликти

Меѓународната безбедност се постигнува со менаџирање на конфликти, а менаџирањето со конфликти се постигнува, пред сè, со преговарање. Скапиот воен арсенал не е тој што ја гарантира безбедноста на државата и нејзините народи, туку дипломатијата поврзана со неговата употреба и неупотреба. Несигурноста произлегува од нерешени проблеми и неуправувани конфликти. Некои основни елементи – кога, што, кој и како – се вклучени во стратегиите за преговарање. Како резултат на тоа невозможно е да се постави единствена линеарна стратегија за преговори, па дури и за медијација. Наместо тоа, ефектите на секој од овие елементи мора да се испитаат за да се стават на располагање целото богатство и креативност што е потребно за подготовка на билатерални решенија, кога владата веќе не може сама да се справи со проблемот. Определувањето кога да се преговара е поврзано со животниот циклус на конфликт. Обично е невозможно да се каже

кога започнува конфликтот и често конфликтот вклучува оживување на латентни чувства, кога групата се доживува себеси како лишена од некои социјални придобивки поради нивниот етнички идентитет. Чувството на лишување може да биде директно, како во Јужна Африка или јужен Судан, или може да биде во однос на други во општеството, како во Северна Ирска или регионот Кабиле во Алжир.[70] За лишувањето да се претвори во етнички конфликт, мора да се смета дека произлегува од дискриминација како етничка група. Исто така, постојат ситуации во кои две малцински групи од периферијата имаат меѓусебен конфликт, како што е Хетфилдс и МекКојс, но обично Хетфилдс се задолжени за Владата и МекКој го продолжуваат конфликтот - како Шона и Ндебеле во Зимбабве или Кикују и Луо во Кенија. На надлежните им се посочува проблемот, а се преговара за можните решенија што се од бенефит за двете страни. Ако властите не можат да се справат со конфликтот, етничките групи имаат потреба од нови стратегии. Тие се соочуваат со три императиви: мора да го привлечат вниманието на владата, да ги ограничат негативните одговори и да мобилизираат и консолидираат сопствена поддршка. Блокирањето на една владина мерка може да е добар начин да се добие внимание и истовремено да се мобилизира поддршка, но работите може да не се како што се планирале и можеби ќе биде потребна поддршка под неповолни услови што значи дека ги поминале шансите за позитивен исход. Кога политичкиот систем имал шанса да одговори и немало задоволителен резултат, незадоволната страна мора да помине период на „solidarity–making" пред да започне со процес на решавање на конфликтот.[71]

## 6.3 Животниот циклус на конфликтите

Преговорите меѓу нееднакви страни се можни во фазата позната како „petition and response process". Ако оваа фаза пропадне, втората фаза е таа што бара од неистомислениците пожестоко да се спротивстават на власта, како резултат на

---

[70] Gulliver, P.H. (1979). *Desputes and Negotiations*, New York: Academic, Social Antropology and Law, London Academic, p.360

[71] Feith, H. (1962). *The Decline of Constitutional Democracy in Indonesia*, Ithaca, NY, Cornell University Press p.384

незадоволство, па дури и предизвикувајќи репресија. Ова е фаза на консолидација каде што неистомислениците треба да се фокусираат на зајакнување на своите редови, потврдувајќи го својот легитимитет, прифаќајќи го фактот дека се еднаков преговарач со владата. Откако фазата на консолидација ќе заврши, неистомислениците се движат кон третата фаза што ги враќа на решавање на проблемот и повторно преговори, но со нов пристап.

Прашањето за единството на неистомислениците е уште еден елемент на животниот циклус на конфликтот. Во раната фаза на петиција на етничкиот конфликт, веројатно ќе бидат неколку организации кои претставуваат различни аспекти на етничката активност, а со тоа и разни структури од етничката група. Како што влегува во фазата на консолидација, групата може да изврши максимален притисок врз владата и да ја потврди својата легитимност и репрезентативност во име на протестот. Но, бидејќи конфликтот заглавува во втората фаза, ова единство, веројатно е дека ќе го понесе товарот на постигнување на целите и на крајот да се распадне. Дел од групата ќе ги критикува своите лидери за нивната несоодветна политика и ќе понуди свој рецепт како подобар излез од ќорсокакот.

Парадоксално, има уште еден момент кога единството на неистомислениците е под закана на крајот од процесот. Колку поблиску етничкиот протест се движи кон успехот, толку е поголема нејзината потреба за одржување на единството, толку е поголемо искушението на ривалите и разделените групи да се отцепат и да се обидат сами да склучуваат договори. Ваквите отцепени групи се обидуваат да ги свртат напорите на групата во своја полза, нудејќи малку подобро решение со владата. Ако успеат (и аранжманот трае), тие ќе обезбедат подобар, заемно задоволително решение за двете страни. Ако не успеат, можеби ќе помогнат да се расчисти патот за побрзо трајно решение со елиминирање на опцијата која барем изгледаше привлечна. Ова беше случајот со Абел Музорева во Зимбабве во 1979 година и Тахар бен Амар во Тунис во 1955 година, два случаи на „умерените за еднократна употреба“ на патот кон независноста. Но, сè не е позитивно: расцепот на групите исто така можат толку да го разбијат и ослабат протестот во процесот, па конфликтот повторно се враќа во втората, односно фаза на консолидација, со губење на потенцијално соодветен момент за разрешување на конфликтот.

Третиот елемент во животниот циклус на конфликтот се однесува на целите. Конфликтите се потрага по соодветни решенија, така што разрешувањето исто така зависи од тоа кога ќе се преговара за решението. Голем дел од литературата укажува на фактот дека на почетокот членовите се обидуваат да привлечат внимание на владата за нивно постоење. Сакаат повеќе внимание во позитивна смисла, но ненаметлива природа. За време на оваа фаза, улогата и приматот на владата не се оспорувани. Ова е вообичаена состојба кај северноафриканските бербери и индијанците. Доколку се пролонгира периодот на петиција, демонстрантите на крајот сфаќаат дека не можат да зависат од добрата волја на другите и мора да поставaт процедурални, но суштински барања. Демонстрантите бараат поголемо учество во распределбата на придобивките. Во оваа фаза демонстрантите повикуваат на заедничка контрола на сопствената судбина. Ова е фазата во која се Тамилите и јужен, источен и западен Судан денес. Но, ако учеството не е доволно за да се обезбеди да се добие она што се бара, протестот преминува во третата фаза, отцепување. Во овој момент, демонстрантите сфаќаат дека не можат да добијат соработка со владата, но мора да ја земат судбината во свои раце и покрај цената што ќе ја платат и опасноста од намалени ресурси. И „поголемото“ и „подоброто“ даваат различни сознанија во познатата изјава на Секу Туре, првиот претседател на Гвинеја: „Подобро е да има сиромаштија во слобода отколку богатство во ропство“. Понатаму, владите имаат конзервативна, „статус кво“ тенденција, реагирајќи на значителен притисок само со конечно прифаќање на опцијата што би ја задоволила претходната фаза. Затоа често се проценуваат „премалку, предоцна“ владините одговори на етничките протести.[72] (Favret 1973).

Конечно, животниот циклус на конфликтот завршува со средствата. Протестот започнува со нормална активност на артикулација на барањата, во која поединци ги предлагаат сопствените барања во име на нивните избирачи. Ова е тотално политичка фаза, повикувајќи се, пред сè, на вештините на изразување и убедување. Доколку не успее, постои притисок да се премине во фаза на мобилизација. Мобилизацијата сè уште е политичка вежба, но бара акции што обезбедуваат видлива поддршка на барањата. Народот се користи во маршеви, кампањи и демонстрации, но во експресивна наместо инструментална улога:

[72] Favret, J. (1973). Traditionalism through ultra-modernising. In Micaud, C., Gellner, E. (Eds.) *Arabs and Berbers*, Lexington MA, Lexington Books, p.34

тие бараат да не се уриваат ѕидовите на владата, но само за да ги импресионираат оние внатре. Во третата фаза средствата стануваат насилство, тие се применуваат во герилско движење. Во тој момент, лидерите на мобилизација и артикулација стануваат помалку неопходни и се туркаат настрана во корист на лидерите на конфронтација, кои можат да мобилизираат мали групи. Дури и во последните фази ретко се случува воената победа да е целосна и некои преговори се прикажуваат како непотребни.

## 6.4 Преговори со кого?

По првото прашање „кога да почнат преговорите?", доаѓа прашањето „со кого да се преговара?". Обично на почетокот на етничкиот протест, демонстрантите се граѓани – иако лишени граѓани – на својата земја. Во овој момент преговорите се само внатрешни и билатерални, но како што продолжува конфликтот, неистомислениците бараат за да добијат надворешни поддржувачи, извори на моќ. Откако протестите овозможуваат физичко присуство во соседна земја, како природата, така се менува и структурата на преговорите. Преговорите стануваат трилатерални, целите и динамиката стануваат посложени, а резултатите потешко се постигнуваат. Во интерес на владата и неистомислениците е преговорите да бидат билатерални, ако веќе преговорите се одвиваат. Компликациите се зголемуваат, ако преговорите не се одвиваат. Во тој случај, во интерес на неистомислениците е да се вклучи трета страна како извор на моќ, што не е во интерес на владата.[73] Сепак, владите често ги туркаат неистомислениците да бараат надворешна поддршка и засолниште, бидејќи владите мислат дека можат и треба да победат наместо да преговараат и со толку напорно настојување да победат, си ги влошуваат работите. Во таква ситуација се претпоставува дека неистомислениците се во коалиција со третата страна додека преговарањето подразбира дека ќе се изгради коалиција помеѓу неистомислениците и владата. Зад ова туркање во војна за сојузничките страни лежи можноста за сојуз меѓу двете држави – владата и домаќинот – на грбот на неистомислениците; ова се случи меѓу Иран и Ирак против Курдите во 1975 година и меѓу Индија и Шри Ланка за Тамилите во

[73] Zartman, I.W., Rubin, J.Z. (1995). *Power and Negoriation*, Ann Arbor, MI: University of Michigan Press, pp.3-13

1987 година. Секоја од трите страни има свои интереси во овој триаголник. Владата има избор помеѓу победа на протестите преку домаќинот или користење на домаќинот за влијание врз протестите. Исто така, на Владата и останува да одлучи дали е соседната држава, домаќин, заинтересирана за подобрување на билатералните односи или само го користи протестот како причина и изговор за лошите односи. Конечно, протестот има свои избори и стратегии за одлучување. Иако е сојузник-претпоставка на државата домаќин, таа мора да се соочи со проблем на блискост во таа врска. Поточно, дали е тоа автономен актер, иако е заробеник на државата домаќин,  или дали е само марионета на домаќинот? Овие прашања јасно ја покажуваат клучната важност на промената од билатерални во трилатерални односи и нејзиниот ефект врз можностите за преговарање. Генерално, во интерес на владата и неистомислениците е да преговараат, под претпоставка дека сакаат решение за меѓусебен проблем. Така, трилатерализацијата на односите ја влошува ситуацијата за преговори, барајќи нови напори за промена на рамнотежата на интересите. За успешно преговарање во трилатерална ситуација, владата треба да плати повисока цена, со тоа што треба да задоволи две страни со различни интереси, наместо само еден. Постојат бројни примери во таа насока. Ваков случај има во јужниот Судански бунт, бидејќи се закануваше да ја зафати војна и соседна Етиопија. Откако, бунтот всушност се преселил на територијата на Етиопија како нејзино светилиште, по Договорот во Адис Абеба од 1972 година пропадна (а некогаш и царскиот режим беше заменет со комунистичкиот режим на Менгисту Хаиле Маријам), Етиопија стана ограничувачка сила наместо посредник и односите меѓу Суданската Народноослободителна Армија/Движење и Етиопија значително се затегнаа. Напорите на новата суданска влада, прво на генералот Абдел Рахман Сивар ал-Дахаб од транзициониот Воениот совет, а потоа и на Саид Садик ал-Махди од цивилната влада, за повторно отворање на преговорите застанаа во делот на суштинските разлики околу исламското законодавство во Судан.

Во националистичките интереси на Алжир кон Франција, Тунис се обиде да посредува со Французите, но таа не беше во позиција да го испорачува договорот за алжирското национално ослободување, додека Французите ја нападнаа територијата на Тунис што ја ослабна посредничката улога на Тунис. Сепак, Тунис одигра важна улога во омекнувањето на алжирското противење на преговорите. Во поново време, Алжир се

спротивстави на влегување во преговори за западна Сахара дури и како преговарач, додека Мароко ги избегна преговорите со Сахрави дисидентите.

## 6.5 Трансформација на конфликти

Трансцедентноста прикажува нова реалност, отварање на нов концепт. Трансформацијата на конфликт е трансплантација во нова реалност. Да се трансформира конфликт значи да се трансцедентираат целите на конфликтните страни, дефинирајќи некои други цели, оставајќи го конфликтот за кој страните се подготвуваа. За да се случи тој процес, конфликтот мора да се трансформира. За да се поедностави процесот со елиминирање на некои од страните, на пример, екстремистите би била главна грешка. Секако тоа ќе биде тешко за нив, како што беше примерот со Исраелско-Палестинскиот конфликт. Да се поедностави процесот со елиминирање на умерените е исто така грешка, како што беше примерот со мировниот процес во Северна Ирска. Патот за плодна трансформација оди преку комплексноста со можност за групирање на некои страни и цели, со постојан надзор да не дојде до деформација на конфликтот.

Во случајот со кризата со заложниците во Лима, трансцедентниот предлог беше на конфликтот да се гледа помалку како проблем на инвазија на сопственоста и земање заложници, а повеќе како проблем за намалување на сиромаштијата во Перу, преобразба од мета конфликт до коренот на конфликтот, преобразба на дефиницијата за конфликтот.

За да се трансформира еден конфликт, тој треба да се прошири. Потоа се бара предлог решение за трансформираниот конфликт, делегирајќи им задачи на страните, проверувајќи дали овој пристап го решава конфликтот како што е изворно дефиниран.

Ако прифатиме дека конфликтот може да биде извор на деструкција и извор на креација, тогаш пристапот за трансформација мора да дејствува да доминираат креативните аспекти. Тоа е нешто повеќе од насочување на конфликтот подалеку од насилството. Го насочува конфликтот кон развој, човеков просперитет каде што се вклучени индивидуите, социјален развој на колективитетот и светски развој. Оние што влегуваат во конфликт имаат амбициозни мета цели, како подобра Југославија, мир и просперитет на Средниот Исток,

намалување на сиромаштијата во Перу и слично. Се смета дека таквите цели се бесмислени без длабоко разбирање на културата и структурата на конфликтот во рамките на кои конфликтот ќе се разреши. Практиката на конфликти треба да биде вкоренета во теоријата на конфликти, а теоријата на конфликтите треба да ја надрасне практиката на конфликти. Луѓето што учествуваат во трансформацијата треба да бидат креативни, не само емпатични и ненасилни. Нивна главна алатка е дијалогот со страните во конфликтот, не само олеснување на дијалогот меѓу нив. Луѓето вклучени во дијалогот мора да ги приближат општата теорија за конфликтот со практиката, а уште поблизу да ги надминат разликите меѓу емпатијата, ненасилството и креативноста. Исто така, треба да ги знаат видовите насилство, не само директното насилство што се покажува во мета-конфликтот, туку и структурното и културно насилство, лошата структура на културните основи на конфилктот, лошото треба да се острани од конфликтот. Останатото е трансформација на конфликтот за мир преку подлабок дијалог. Резултатот е трансформиран конфликт што ќе покаже ненасилство и креативност. Да го земеме као пример Корејскиот полуостров. Огромна енергија е вложена во конфликтот од кој може да произлезе уште една војна, во превирања внатре во општествата и не само на Северна Кореја, со последици насекаде во Источна Азија и пошироко. Дали таа енергија може да се вложи во попозитивни задачи? Еве еден пример за тој пристап: да се отвори железница/патна поврзаност меѓу Северна и Јужна Кореја, како што беше предложено од страна на Економската и Социјална комисија на ОН за Азија/Пацификот. Таа граница е, исто така, граница меѓу сиромашните (Виетнам, Кина и Северна Кореја) и богатите (Јужна Кореја, Јапонија и Тајван) страни што еден ден може да станат дел од источно-азискиот заеднички пазар, економска заедница или унија, како што има во ЕУ. Стоките ќе протекуваат во двата правци, ќе се создава богатство и слично.[74]

Аналитички, трансформацијата има неколку аспекти:

- Префрлање на дискурсот, размислување за економска соработка и заедничка култура, што е спротивно на воени и политички структури;

[74] Galtung, J. (2002). *Transcedent Method: Conflict Transformation by peaceful means*, UN Disaster Management Traininf programme, p.30-31

- Нови цели се формулирани, вклучувајќи ги не само Северна и Јужна Кореја, туку и четирите соседи во Источна Азија;
- Напори за поместување на конфликтот од каде што беше кон предизвици за економска соработка;
- Не се бара основна промена, заемна љубов или заемна доверба од Северна и Јужна Кореја, туку да го искористат најдоброто што можат да го извлечат.

Овие идеи за трансформација на конфликтот го вклучуваат дијалогот меѓу двете страни.

## 6.6 Реконсилијација или помирување во разрешувањето конфликти

Теоретичарите повеќе од три децении се фокусирале на развојот и примената на интерактивно решавање на проблемите, неофицијален, научно-практичен пристап кон решавање на долготрајни, длабоко вкоренети и често насилни конфликти меѓу идентитетски групи, особено оние со етнички карактер, засновани на делото на Џон Бартон (John Barton) што е закотвено во социо-психолошките принципи.[75] Примарен фокус бил израелско-палестинскиот конфликт како и Кипар, Северна Ирска, Шри Ланка, Колумбија и Јужна Африка. За разлика од преговорите за политичко решение, процесот на решавање конфликти отишол подалеку од реалистичко гледање на националните интереси. Ги истражува причините за конфликтот, особено причините во форма на незадоволени или загрозени потреби за идентитет, безбедност, признавање, автономија и правда. Бара решенија кои одговараат на потребите на двете страни преку активно ангажирање во заедничко решавање на проблемите. Оттука, договорите се постигнати преку процес на вистинско разрешување на конфликти, за разлика од компромисите постигнати преку процес на договарање, посредуван или наметнат од трети лица, веројатно ќе предизвика долгорочна посветеност на двете страни за исходот. Започнува со претпоставката дека ненасилното завршување на конфликтите меѓу идентитетските групи бара процес на разрешување на конфликтот. Иако постојат очигледни разлики помеѓу решавање на

[75] Kelman, H.C. (2002). Interactive Problem Solving: Informal mediation by the scholar-practitoner, In: Bercovitch, J. (Ed.). *Studies in international mediation: Essays in honor of Jeffrey Z. Rubin*, pp.167–193, New York: Palgrave Macmillan

конфликтот и решение за конфликтот, тие можат да се конципираат како два различни процеси на создавање мир, со примарен фокус на ниво на интереси и на ниво на односи.

Решавањето на конфликтот може да се опише како процес кој дава договор кој ги задоволува интересите на двете страни до степен до кој нивните соодветни позиции на моќ им овозможуваат да преовладуваат. Со други зборови, условите на нивниот договор се утврдени од моќта што можат да ја донесат во преговорите. Трети лица,надворешни сили или меѓународни организации, често играат улога во посредување или дури наметнување договор, користење на сопствената моќ по пат на закани или поттикнувања. Договорот може да биде поддржан од јавноста на двете страни бидејќи тие се уморни од војна и се нашле „статус кво" ситуација на континуирано непријателство и неизвесност што е сè понеподносливо. Стабилноста на политичкиот договор зависи од самите страни во договорот. Всушност, решавањето конфликти често може да се поврзе со политичките договори, доколку тие вклучуваат преговарачки процес во кој секоја страна ги следи своите интереси и во кој тие се способни да постигнат договор за многу отворени прашања преку дистрибутивно договарање, во кои моќта како и меѓународните норми играат улога. Но, решавањето на конфликти, особено ако мислиме во интерактивна рамка, има друг контекст, а тоа е:

• Се однесува на договор што се постигнува интерактивно, наместо наметнат или спонзориран од надворешни сили и на кои страните имаат повисоко ниво на посветеност;

• Се однесува на основните потреби и стравови на страните и затоа има поголема способност да се одржува со тек на времето;

• Гради одреден степен на работна доверба меѓу страните, прагматична доверба во интерес на другиот за постигнување и одржување на мирот, и затоа не е целосно зависен од надзорот како гарант на договорот;

• Воспоставува нов однос меѓу страните, најдобро опишан како партнерство, во кое страните одговараат на меѓусебните потреби и посветени на реципроцитетот;

• Таа генерира јавна поддршка за договорот и го охрабрува развојот на нова перцепција на другиот.

Решението на конфликтот се движи подалеку од интересите за решавање на конфликтот и неговата зависност од односот на силите. Претставува стратешка промена во односите меѓу страните, изразена во смисла на прагматично партнерство, во кое секоја страна е убедена дека стабилниот мир и соработката се и во нејзин најдобар интерес и во интерес на другиот. Ова е вид на партнерство што почнал да се појавува, особено на лидерско ниво, меѓу Израелците и Палестинците.[76] Решавањето на конфликтот претставува трансформација на односот меѓу страните.[77] Но, сепак има некои ограничувања на овој нов однос, што го прави ранлив на промени во интересите, околностите и лидерството. Решавањето на конфликтите како процес на создавање мир вклучува развој на нова врска или односи, со поврзан сет на нови и стари ставови. Ова нè доведува до трет, посебен процес на создавање мир: помирување, со примарен фокус на ниво на идентитети. Помирувањето произлегува од процес на разрешување конфликт во рамките на интерактивна рамка за решавање проблеми и новиот однос што се промовира за стабилен мир, заемно унапредување на соработката. Помирувањето е последица на успешно решавање на конфликтот. Доаѓа до крајот на тој процес каде што тестот на добриот договор е помирувањето. Помирувањето е процес, не исход и треба да започне од почетокот на мировниот процес како негов интегрален составен дел. [78] Иако помирувањето е од витално значење во мировниот процес и не е посебен процес, туку компонента и логичен исход од разрешувањето на конфликтот.

Сепак, дел од теоретската научна мисла го гледаат помирувањето како посебен процес, квалитативно различен од процесот на разрешување конфликти интерактивно ориентирана кон потребите за решавање проблеми. Помирувањето очигледно е континуирано и поврзано за решавање на конфликти и тоа секако не е алтернатива за тоа. Но, додека решението за конфликтот се однесува на процесот на постигнување на заемно

[76] Lustick, I.S. (1997). Ending Protracted Conflicts: The Oslo peace process between political partnership and legality. *Cornell International Law Journal*, vol.30 pp.741–757

[77] Lederach, J.P. (1998). Beyond Violence: Building sustainable peace. In: Weiner, E. (Ed.). *The Handbook of Interethnic Coexistence*, pp.236–245. New York: Continuum

[78] Rouhana, N.N., Kelman H.C. (1994). Promoting Joint Thinking in International Conflicts: An Israeli-Palestinian continuing workshop. *Journal of Social Issues*, Vol.50, pp.157–178

задоволителен и траен договор меѓу двете општества, помирувањето се однесува на процес при што општествата учат да живеат заедно во постконфликтна средина.

Помирувањето претпоставува решавање на конфликтот преку развојот на довербата; трансформацијата на односот кон партнерство засновано на реципроцитет и взаемна одговорност; договор со кој се опфатени основните потреби на двете страни. Но, тоа оди подалеку од решавање на конфликти со што претставува промена во идентитетот на секоја страна. Примарна карактеристика на помирувањето е отстранувањето на перцепцијата за негирање на другиот како централна карактеристика на сопствениот идентитет. Имено, беше анализиран израелско-палестинскиот случај во кој заемното негирање на идентитетот на другиот беше централна карактеристика на тој конфликт со децении. [79] Заемното негирање на другиот идентитет можеби не е централен проблем како во другите конфликти, пример во Чиле, Гватемала и Јужна Африка или германско-еврејскиот, француско-германскиот, па дури и египетско-израелскиот конфликт. Сепак, негацијата на другиот идентитет е некако вградена во идентитетот на секоја од конфликтните страни и мора да се решат во процесот на помирување. Промена на колективниот идентитет со отстранување на негирањето на другиот подразбира одреден степен на прифаќање на идентитетот на другиот, барем во смисла на признавање на валидноста и легитимноста на наративот на другиот без нужно целосно да се согласува со тој наратив. Она што е суштинско за помирувањето е секоја страна да го ревидира својот идентитет доволно за да се признае идентитетот на другиот. Колку што страните ќе го надминат негативното сфаќање во однос на идентитетите, толку побрзо можат да развијат позитивна меѓузависност помеѓу нивните идентитети, што често ги карактеризира државите кои се наоѓаат во непосредна близина една до друга. Помирувањето оди подалеку од решавањето на конфликтот, па во тоа го надминува нивото на прагматично партнерство, кое е од суштинско значење за создавање мир и им овозможува на страните да ја возобноват новата врска, интегрирајќи ја во нивните сопствените идентитети. Така може да се развијат нови ставови на едни за други. Како што се новите ставови интегрирани во идентитетот на групата, тие постепено ги заменуваат старите. Со тоа довербата постепено се гради. Ова не

[79] Kelman, H.C. (1978). Israelis and Palestinians: Psychological prerequisites for mutual acceptance. *International Security*, Vol 3, pp.162–186

ја исклучува можноста старите стравови и сомнежи повторно да се појават, но врската е помалку ранлива на промени во ситуациите. Важно е да се нагласи дека промената на идентитетот на секоја страна, ревизија во нејзиниот наратив што може да се дефинира како помирување, подразбира зајакнување наместо слабеење на основниот идентитет на секоја страна. Ревизијата на идентитетот на групата и поврзаниот наратив е возможен само ако јадрото на идентитетот остане недопрено. Промените во периферните елементи на идентитетот често се сметаат за неопходност за да се зачува јадрото на идентитетот. Ова беше основа, на пример, врз која мнозинството Израелци и Палестинци беа подготвени да ја ревидираат територијалната димензија на нивнинот национален идентитет со цел да се задржи суштината на тој идентитет.[80] Помирувањето бара страните да променат елемент од нивниот идентитет, негирање на другиот, што е далеку од тривијално за страните вклучени во егзистенцијален идентитетски конфликт, додека истовремено се зачувува, дури и зајакнува јадрото на нивниот идентитет. Ова лесно се постигнува во ситуации во кои една од страните веќе отфрлила дел од идентитетот, како што беше случајот со многу Германци во постнацистичка Германија и многу белци во Јужна Африка по апартхејдот. Сепак, тоа е особено тешко во конфликти во кои секоја страна инсистира на праведноста на својата кауза.

Дилемата е дека количината и видот на промена на идентитетот што А ги бара од Б со цел да биде подготвен за помирување може да биде сфатен од Б како поткопување на јадрото на нејзиниот идентитет. Добар пример овде би било барањето да се признае колективна вина на која дури и постнацистичка Германија не сакала да пристапи.[81] Во конфликти како што бил тој меѓу Палестинците и Израелците, негација на другиот била централен елемент на сопствениот идентитет на секоја страна, од кој таа не може лесно да се откаже. Со оглед на природата на конфликтот, секоја страна смета дека е неопходно да ја негира автентичноста како народ на другата страна, врските на другиот со земјата и

[80] Kelman, H.C. (2001), The Role of National Identity in Conflict Resolution: Experiences from Israeli-Palestinian problem-solving workshops, In: Ashmore, R.D., Jussim, L., Wilder, D. (Eds.). *Social Identity, Intergroup Conflict, and Conflict Reduction*, pp.187–212, Oxford and New York: Oxford University Press

[81] Auerbach, Y. (2004), The Role of Forgiveness in Reconciliation, In: Bar-Siman-Tov, Y. (Ed.). *From Conflict Resolution to Reconciliation*, pp.149–175, Oxford and New York: Oxford University Press

националните права на другиот, особено нејзиното право на национално самоопределување преку воспоставување на независна држава.

Негацијата на другата е исто така важна за секоја страна во насилниот конфликт како заштита од негативните елементи во сопствениот идентитет. Колку што другиот може да се демонизира и дехуманизира, станува полесно за секоја страна да ги минимизира чувствата на вина за акти на насилство и угнетување против другиот и да избегне да се гледа себеси во улога на жртва. Теоретичарите сметаат дека постојат пет услови(фактори) во процесот на помирување за решавање на конфликтите меѓу државите:

- Заемно прифаќање на националноста на другата страна што вклучува и прифаќање на другиот како автентична нација и вклучување во сопствената заедница;
- Развој на заедничка, морална основа за мир, овозможувајќи мир кој и двете страни го доживуваат како конзистентен со принципите на правичност и достижна правда;
- Конфронтација со историјата за која не е потребна заедничка консензуална историја, но бара признавање на вистината за другиот во сопствениот наратив;
- Признание за одговорност;
- Воспоставување на институционални механизми на соработка, вклучително и различни активности кои се вистински корисни за двете страни и врз основа на принципите на еднаквост и реципроцитет.

Сите пет услови за помирување се дизајнирани да ги олеснат промените во колективните идентитети на конфликтните страни, со посебен акцент на отстранување на негацијата на другиот како клучен елемент за идентитетот на секоја група.

# 7 ВОЕНИТЕ МИСИИ НА ОН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ

Мировните операции на ОН не се едноставни, ниту лесно спроведливи затоа што постојат одредени принципи и легислатива на кои се засновани воените мисии. Тие се засновани на три принципи кои ги поставуваат воените мисии како средство за одржување на меѓународниот мир и безбедноста:

- согласност на страните во конфликтот;

- непристрасност;
- неупотреба на сила, освен во случај на самоодбрана и одбрана на мандатот.

Согласноста на страните во конфликтот е еден од условите за ангажирање на ОН во воена мисија, што бара посветеност на политичкиот процес. Нивната согласност и овозможува на воената мисија слобода за акциите, како политички така и физички, за да се остварат задачите што произлегуваат од мандатот. Во случај на отсуство на согласност, воените мисии ризикуваат да станат дел од страните во конфликтот и на тој начин се оддалечуваат од својата основна цел, зачувување на мирот. Фактот што согласноста на главните страни во конфликтот не гарантира и согласност од страните на локално ниво кои се директни учесници во конфликтот, посебно ако тие се поделени во внатрешноста или имаат слаб команден и контролен систем, нема да резултира со помирување на страните поради немањето координација.

Непристрасност е суштински принцип за соработка на главните страни, но не треба да се меша со неутралноста или неактивноста. Мировниците мора да го почитуваат принципот на непристрасност во своите односи со страните во конфликтот, но не и да се неутрални во извршувањето на својот мандат.

Неупотреба на сила, освен во случај на самоодбрана и одбрана на мандатот, воените мисии на ОН не се алатка за спроведување сила, но мора да применуваат сила на тактичко ниво, по налог на Советот за безбедност. Имено тој може да им даде „робустен“ мандат, одобрувајќи им употреба на сила со сите потребни средства.

Покрај основните принципи, постои и одредена легислатива и начин на кој се воспоставува мандатот на воените мисии директно на терен. Воените мисии се засноваат на мандат што го одредува Советот за безбедност. Задачите во рамките на мандатот се разликуваат од ситуација во ситуација и зависат од природата на конфликтот и одредени специфични предизвици. Основна цел на воените мисии е одржување на меѓународниот мир и безбедност, со намера да се одржи и оствари оваа цел. Ако дојде до влошување на конфликтот, ОН најчесто спроведува одредени консултации да одреди кој е најдобриот одговор што меѓународната заедница може да го даде. Овие консултации подразбираат дека сите релеванти актери на ОН, земјата домаќин и страните во конфликтот, земјите членки на

ОН, вклучувајќи и држави кои даваат свои воени и полициски трупи, односно контигенти во воените мисии, регионални и невладини организации и партнери треба да дојдат до заедничко прифатливо мировно решение што ќе стави крај на конфликтот. Целта на мисијата е да се процени политичката, воената, хуманитарната состојба, како и состојбата со човековите права директно на територијата и можните импликации за операцијата. По проценката доаѓа до правно-оперативната рамка за спроведување на воената мисија, а тоа се резолуциите на Советот за безбедност, затоа што тие го дефинираат мандатот, силите, ресурсите, периодот на траење на мисијата и слично.

Според Извештајот на ООН во поглед на миграцијата за 2020 година бројот на меѓународни мигранти на светско ниво достигнал 272 милиони во 2019 година, што е пораст за 119 милиони од 1990 година.[82] Во периодот меѓу 1990 и 2019 година, поразвиените земји примиле 69 милиони мигранти, додека помалку развиените земји имале 49 милиони мигранти. На почетокот на 2020 година околу 79,5 милиони лици биле принудно иселени од своите домови како резултат на прогон, конфликт, повреда на човековите права и други причини. Во 2021 година бројката е уште поголема и надминува 84 милиони, а во последните години ситуацијата е посложена поради разгорување на нови конфликти.

# 8 СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ДР КОНГО

## 8.1 Историјата и географската поставеност на ДР Конго

Конго (француски Congo) или официјално Демократска Република Конго порано позната како Заир е држава на Екваторска Африка. Територијата на ДР Конго уште од најрани времиња била населена од страна на племето Банту (5 век). Како Кралство, ДР

[82] International migration and development: report of the Secretary-General, UN Secretary General, A / 75/292, 5 August 2020, достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/3885869?ln=f

Конго опстоило во 14 век. ДР Конго зафаќа површина од 2.344.858 км$^2$. Централните и западните делови на државата ги зафаќаат рамниците на басенот на реката Конго. Во источните делови се наоѓа планината Рувензори, со височина од околу 5 000 м (врвот Стенли, висок 5109 м). Климата е екваторска и постојано влажна, со просечна температура преку годината околу 25°C. Врнежите околу екваторот достигнуваат до околу 2 000 мм. Има густа речна мрежа. Повеќе од 50% од територијата е под екваторски шуми.

Демократска Република Конго, која многумина ја гледаат како олицетворение на пропадната држава, е растргната од испреплетени и сложени конфликти на регионално, национално и локално ниво. Бунтовничките фракции се бореле против владата и едни со други, напаѓале и цивили и доживеале внатрешно насилство. Огромната земја е богата со природни ресурси, факт што ги пролонгираше некои од конфликтите. Од 1989 година, ДР Конго (Заир) ги доживеала внатредржавните, недржавните и едностраните насилства, како што е дефинирано од UCDP (Upsala Conflict Data Program).

ДР Конго бележи постојано насилство од 1989 година со пет бранови во бројот на жртви. Прввиот бран во 1993 година кога со насилство ги спротивстави заедниците на Хуту и Бањарванда против Хунде и Нинга кои се сметаа себеси за повеќе домородни во земјата. Кога завршила Студената војна, претседателот Мобуту ја загубил американската финансиска поддршка што ја користел за да ја откупи опозицијата. Земјата била под притисок да започне процес на демократизација и различни групи се подготвувале да се спротивстават со организирање во етнички организации, при што односите меѓу различните етнички групи се влошиле. Во 1993 година се случило насилство, попознато како војна во Масиси, бидејќи Хунде и Нинга ги таргетирале Хуту и Бањарванда со цел да ги избркаат овие групи од териториите Масиси и Валикале во провинцијата Север Киву.

Следниот бран, кој се случил во 1996 година, бил оној со убедливо најголема магнитуда во текот на целиот временски период. Во 1996 година, избувнал вооружен бунт кој бил предводен од AFDL (Alliance of Democratic Forces for the Liberation of Congo-Алијанса на Демократски сили за ослободување на Конго) и поддржан од Руанда, Уганда и Ангола. Во исто време, AFDL (Alliance of Democratic Forces for the Liberation of Congo-Алијанса на Демократски сили за ослободување на Конго) поддржана од Руанда,

масакрирала бегалци од Хуту, кои режимот на Руанда ги сметала за геноциди. Масакрите предизвикале над 30 000 цивилни жртви, додека вистинските поттикнувачи на геноцидот во Руанда побегнале подлабоко во земјата. Конфликтот започнал во источниот дел на земјата, но како што биле заземени сѐ повеќе градови, насилството се преселило на запад. AFDL (Alliance of Democratic Forces for the Liberation of Congo-Алијанса на Демократски сили за ослободување на Конго) успеала да го заземе главниот град Киншаса и го соборила претседателот Мобуту во мај 1997 година. Сепак, новиот режим наскоро повторно бил во војна, овој пат против RCD (Congolese Rally for Democracy-Собир на Конго за демократија) и MLC (Movement for the Liberation of Congo-Движење за ослободување на Конго). Оваа војна, позната како Првата светска војна во Африка, имала повеќе од седум различни африкански земји кои биле вклучени во борбите. По долгогодишни преговори, партиите склучиле конечен мировен договор во 2003 година, а во 2006 година беа одржани првите демократски избори по повеќе од 40 години.

Во 2002 година, насилството достигнало врв во провинцијата Итури, под контрола на Уганда, во североисточниот дел на ДР Конго. Оригиналниот конфликт во регионот, меѓу етничките групи Хема и Ленду, првпат ескалирал во 1999 година, но дополнително се разгорел кога се совпадна со лидерскиот конфликт во RCD-ML (Congolese Rally for Democracy-Собир на Конго за демократија-Movement for the Liberation of Congo-Движење за ослободување на Конго), фракција на RCD (Congolese Rally for Democracy-Собир на Конго за демократија) поддржана од Уганда. Во 2001 година RCD-ML се разделил и биле создадени две нови групи: RCD-K-ML (Congolese Rally for Democracy/Kisangani/Liberation Movement-Собир на Конго за демократија/Движење за ослободување), која ја поддржувала заедницата Ленду и UPC (Union of Congolese Patriotes-Унија на патриоти на Конго), која ја поддржувала заедницата Хема. Овие групи направиле промена на поддршката од Уганда, Руанда и ДР Конго. Во 2002 година, Уганда го поддржала UPC (Union of Congolese Patriotes-Унија на патриоти на Конго), но нејзината верност се менувала во неколку наврати и повеќето од групите вклучени во конфликтот во Итури во одреден момент биле вооружени, обучени или поддржани од Уганда. Руанда, која во тоа време била непријател на Уганда, исто така почнала да ја поддржува UPC како средство за задржување на влијанието во регионот. Со UPC (Union of Congolese Patriotes-Унија на патриоти на Конго), усогласена со

Руанда, Уганда наместо тоа, ја префрлила својата поддршка на полициите Ленду во 2003 година. Полициите Ленду и RCD-K-ML(Congolese Rally for Democracy/Kisangani/Liberation Movement-Собир на Конго за демократија/Движење за ослободување), исто така до одреден степен биле поддржани од владата на ДР Конго.

Во 2009 година земјата се соочила со нова ескалација на насилството, овојпат со завршувањето на конфликтот меѓу владата на ДР Конго и CNDP (National Congress for the Defence of the People–Национален Конгрес за одбрана на народот), која била поддржана од Руанда. Овој конфликт завршил со договор на 23 март 2009 година. Договорот предвидувал интеграција на CNDP (National Congress for the Defence of the People-Национален Конгрес за одбрана на народот), но и на други вооружени групи од регионите Киву во вооружените сили на ДР Конго. ДР Конго, исто така, ветила дека ќе се бори против бунтовничката група на Руанда Хуту FDLR (Demogratic Forces for the Liberation of Rwanda-Демократски сили за ослободување на Руанда), која била со седиште на територијата на Конго, како дел од посебен договор со Руанда. Во 2009 година, новоинтегрираните групи се бореле против FDLR (Demogratic Forces for the Liberation of Rwanda-Демократски сили за ослободување на Руанда) заедно со Руанда.

Последниот бран жртви бил регистриран во 2017 година. Голем број помали милиции се споиле во поголеми сојузи и го довеле во прашање владеењето на тогашниот претседател Џозеф Кабила, кој останал на власт во текот на неговиот уставен мандат кој завршил во 2016 година. Истовремено, во Касаи, во централниот дел на земјата, се појавил бунтот Камуина Нсапу откако владата одбила да го признае назначувањето на Жан-Пјер Мпанди за локален началник на Бајила Касања, бидејќи тој бил познат по своите антивладини ставови. Откако бил убиен Мпанди, конфликтот ескалирал во регионот и владата била обвинета за масакрирање на цивили во областа додека се бореле со Камуина Нсапу. По изборите во 2018 година, Џозеф Кабила конечно се повлекол од функцијата во јануари 2019 година, при што Тшисекеди бил инаугуриран како 5-ти претседател на ДР Конго. Тоа била прва демократска транзиција на власта во земјата откако се стекнала со независност во 1960 година.

UCDP (Upsala Conflict Data program), исто така, забележал три државни конфликти во ДР Конго пред 1989 година, еден за моќ на владата и два за територија. Веднаш по независноста, две од провинциите на земјата, Катанга и Јужен Касаи, се прогласиле за суверени, а следеле меѓудржавни конфликти, кои завршиле во 1962 година кога мировните сили на ОН успеале да ја вратат контролата врз териториите.

Кога парламентот во Конго бил распуштен во 1963 година, биле поставени темелите за нов конфликт. Во 1964-1965 година Симбас започнал бунт во источните делови на земјата, борејќи се за отстранување на владата. Во Септември 1964 година со бунтот се контролирала речиси половина од земјата и прогласиле револуционерна влада во Стенливил. Во периодот јануари-јуни 1965 година, бунтовниците ја загубиле речиси целата територија што претходно ја држеле. Во 1967 година полициите повторно се обиделе да ја соборат владата од базите во Руанда.

Во март 1977 година започнала уште една фаза од конфликтот околу владата, кога FLNC (Congolese National Liberation Front-Национален Ослободителен фронт на Конго) започнал воена кампања од Ангола со цел да го собори режимот на претседателот Мобуту. Бунтовничката група успеала да преземе контрола над некоја територија во Шаба (Катанга). По барањето за надворешна поддршка, FLNC (Congolese National Liberation Front-Национален Ослободителен фронт на Конго), сепак, бил вратен назад во Ангола. Бунтот се повторил во 1978 година. САД ги префрлиле француските и белгиските сили во тогашниот Заир со наводната мисија да го заштитат белото население, но овие трупи ефективно го принудиле FLNC (Congolese National Liberation Front-Национален Ослободителен фронт на Конго) да ја напушти земјата.[83]

По насилните национални избори во Демократска Република Конго (ДРК, Конго), во декември 2023 година, тешките судири меѓу војската и бунтовниците, најистакнати, M23 и Сојузничките демократски сили (ADF, продолжиле во источниот дел на Конго. M23 била примарно етнички бунтовничка група Тутси со врски со владите на Руанда и Уганда, додека ADF (Сојузничките Демократски сили) била полициска група поврзана со ИСИС. Над сто недржавни вооружени групи биле активни во регионот. Судирите драматично се зголемиле

[83] хттпс://уцдп.уу.се/цоунтрs/490

во февруари 2024 година, предизвикувајќи меѓународен гнев и очајни хуманитарни услови. Иако источните региони на ДР Конго биле најнасилните, политичкото насилство засилено со изборите во декември придонело за политички неред и несигурност. Во март 2024 година ОН објавиле дека бројот на внатрешно раселени лица во Конго достигнал 7,2 милиони-еден од најголемите во светот. Хуманитарната катастрофа како резултат на цикличниот, насилен конфликт во Конго, во кој загинале милиони во последните три децении, продолжува да се продлабочува.[84]

## 8.2 Мисијата на ОН за Конго - ONUC

По осамостојувањето во Конго се случиле немири што довеле до нестабилност на земјата. Самите околности наметнале ангажирање на мировни сили на ОН во Конго од јули 1960 година до јуни 1964 година. По прогласувањето на независноста на таа афричка држава карактерот на случувањата го интернационализирал внатрешниот конфликт. Тристраното ескалирање на конфликтот, меѓуплеменски, меѓу централната власт и провинциските власти и бунтот на силите на паравоента полиција на Конго (Force publique), не само што ја загрозило независноста, туку и физичкиот опстанок на присутниот странски фактор, првенствено Белгијци кои со семејствата продолжиле да живеат и работат во Конго по разни основи. Поради загрозеноста на белгиските државјани, интервенцијата на белгијските трупи упатени во метрополата предизвикала задоцнета реакција на претседателот на Република Конго, Жозеф Касавубуа и претседателот на владата Патриса Лумумбе. Тие се обратиле со телеграма до ОН со молба за упатување на воена помош за заштита од белгиската воена интервенција спротивно на договорот за пријателство што Белгија и Република Конго го потпишале 1960 година.

Советот за безбедност на 14 јули 1960 година донел резолуција со која ја повикал белгиската влада да ги повлече своите трупи од територијата на Конго, а на Генералниот секретар му било наложено да организира воена помош на владата на Конго, заради воспоставување на внатрешен правен поредок, бидејќи во државата дошло до распад на

[84] хттпс://њњњ.цфр.орг/глобал-цонфлицт-трацкер/цонфлицт/виоленце-демоцратиц-републиц-цонго

апаратот за јавна безбедност поради бунт на неговите припадници.[85] Советот за безбедност не одлучил со упатување на мировните сили да интервенира против белгијските трупи, на чие присуство реагирала владата на Конго, туку во улога на полициски сили да придонесат за воспоставување на јавниот ред и да и овозможат на владата на Конго да ја консолидира својата власт во земјата. Очигледно е дека Советот за безбедност не одговорил соодветно на барањето на конгоанската влада. Но, многу поважни биле последиците од неконзистентноста на одлуката на Советот за безбедност, мировните сили на ОН да се најдат во улога на квазиполициски сили, а при тоа да се ограничи мешањето во внатрешните конфликти со забрана да употребуваат оружје. Затоа тешко може да се зборува за нивна позитивна улога со оглед на тоа дека безбедносната функција била целосно блокирана и тоа што дозволиле физичка ликвидација на претседателот и двајца потпретседатели на владата на Конго.[86] Бидејќи тешко може да се аргументира опструкцијата во реализација на операцијата ONUC на ОН во Конго, оценката може да се сведе на неспретно заплеткување во сложената и хаотична внатрешна ситуација во таа земја во рамките на надлежностите и утврдените правила на мировните операции. Покрај тоа, и 234 загинати мировници ја зголемиле моралната штета на светската организација.

Наспроти острите критики на Советот за безбедност за недоследноста во примената на прописите од Повелбата на ОН, во врска со мировните операции во Конго, може да се заклучи дека само околностите на конфликтната состојба изнудиле методи и средства за нејзино разрешување, како и неповикувањето на прописите од Повелбата за легализација на мировната операција.

Во првата фаза на операцијата ONUC, практично дошло до дисконтинуитет во активностите за воспоставување на внатрешен правен поредок, со груби грешки сторени во интервенцијата, со елементи на мешање во внатрешните работи на таа земја. При тоа, не може да се исклучи сомневањето во мешањето на фактор со силно влијание и авторитет како што е ОН, чиј интерес се врзувал со интернационализација на кризата во Конго. Формалното гледиште за мировната операција во Конго дава основа за оценка на

[85] Резолуција на ОН бр.143 (1960)
[86] The Blue Helmets, Second edition, UN, pp.231-232

активностите на ONUC, по извесна фаза на пасивност и конфузност, враќање на основната цел, заштита и зачувување на суверенитетот и територијалниот интегритет на оваа држава. Вкупните меѓународни околности го окарактеризирале ангажирањето на ОН во Конго како сериозен испит за светската организација што се повеќе наликува на заткулисна манипулација на јазикот на моќта и доминација на блоковски структури. Конечната оценка за успешноста на мировната операција во Конго била позитивна, со оглед на исклучително сложените околности. Нема сомнение, најсложената околност во односот на мандатот на мировните сили во Конго ја наметнала формулата за уникатното уредување на Конго, што во Катанга е гледана како наметната однадвор, против волјата и интересите на народот на Конго. Тоа бил проблем на внатрешно–политичките односи во кој за ОН немало место по никаква основа, па сепак крајната задача им била изведување на акции заради воспоставување на внатрешен правен поредок, што и била нивна задача. Во текот на операциите, настапиле ситуации за кои морале да создаваат правила заради дистинкција на елементите на демократскиот развој на основа на уставноста и елементите кои произлегуваат од мандатот на мировните операции на ОН. Мировните операции на силите на ОН во Конго се одвивале во четири фази:

- воспоставување на ред и закон и повлекување на белгиските сили (јули-август 1960);
- одржување на редот и законитоста заради совладување на уставната криза (Септември 1960-1961);
- прекин и елеминирање на сецесијата на провинцијата Катанга (Септември 1961-февруари 1963);
- консолидирање на политичкиот систем во Република Конго (февруари 1963-јули 1964).

Дејствувајќи според Повелбата на ОН сообразно со околностите во кои се одвивала мировната операција ONUC, мировните сили во основа ги оствариле целите и принципите

на ОН утврдени со резолуциите на Советот за безбедност[87] и потврдени со резолуцијата S/5002 од 24 ноември 1961 година:

- да го сочуваат територијалниот интегритет и политичката независност на Република Конго;
- да помогнат на централната влада на Конго во воспоставување на законите и редот;
- да спречат граѓанска војна во Конго;
- да обезбедат повлекување и евакуација од Конго на странски воени и паравоени формации и советници што не се под команда на ОН како и платеници;
- да дадат техничка помош на владата.

Во остварување на наведените цели и принципи на ОН, мировните сили наидувале на отпор од бунтовниците, сецționистите и нивните платеници, поради што во извесни ситуации морале да се самоодбранат и покрај настојувањата дека поставените задачи ги извршуваат без употреба на сила.

## 8.3 Мировната мисија за Конго – MONUSCO

Советот за безбедност на 6-ти Август 1999 година ја усвоил Резолуцијата 1258 со која донел одлука за испраќање мировници на територијата на ДР Конго. Со новата Резолуција 1291 од 2000 година се овластува проширување на MONUSCO што ќе се состои од најмногу 5.537 воен персонал, вклучително и до 500 набљудувачи или повеќе, под услов генералниот секретар да утврди дека има потреба и дека може да се смести во рамките на вкупната големина и структура на силите, како и соодветни цивилни лица за поддршка во областите, меѓу другото, за човекови права, хуманитарни прашања, информации од јавен карактер, заштита на децата, политички прашања, медицинска поддршка и административна поддршка.

---

[87] Резолуција 143 (1960) од 14 јули 1960, 145 (1960) од 22 јули 1960, 146 (1960) од 9 август 1960 и 161 (1961) од 21 февруари 1961 година

Годините поминале, мисијата траела сè до моментот додека Советот за безбедност донел резулуција 2717/2023 за продолжување на мисијата до декември 2024 година, земајќи го во предвид барањето на Владата на Конго за повлекување на мировните сили на ОН што би се одвивало во три фази. Повлекувањето е започнато крајот на 2023 година во време на изборниот циклус. Силите биле повлечени од Јужен Киву до крајот на април 2024 година и спроведувањето на мандатот било ограничено на провинциите од мај 2024 година. Бројот на војниците изнесувал 13.500 воен персонал, 660 воени набљудувачи и штабни офицери, 591 полициски персонал и 1.410 персонал на формирани полициски единици до 30 јуни 2024 година, намалени на 11.500 воен персонал, 600 воени набљудувачи и штабни офицери, 443 полициски персонал и 1.270 лица од формираните полициски единици од 1 јули 2024 година наваму.

Резолуцијата ги утврдува стратешките приоритети на MONUSCO како придонес за заштита на цивилите и поддршка на стабилизацијата и зајакнувањето на државните институции и клучните реформи во управувањето и безбедноста. Тој ги означува задачите по приоритетен редослед, да вклучи заштита на цивилите под закана од физичко насилство со сите неопходни мерки и одвраќање и насочени офанзивни операции против вооружените групи, било еднострано или заедно со безбедносните сили на Конго.

Од MONUSCO, исто така, е побарано да го поддржи капацитетот на судскиот систем да ги истражи и гони оние кои се одговорни за геноцид, воени злосторства, злосторства против човештвото и кршење на меѓународното хуманитарно право.

Имајќи го предвид повлекувањето на MONUSCO во очекување, регионалните сили се ефективна алатка за спроведување на мирот низ целата земја, особено кога вооружените групи продолжуваат со терор врз локалното население.

# 9 АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА

Истражувањето што е направено во овој магистерски труд даде одговор на поставените истражувачки прашања и отвори нови погледи и анализи на случувањата во меѓународните односи во светот. Секако дека комплексноста на материјата отвора постојано нови прашања.

Истражувачката хипотеза: "*Дипломатскиот дијалог како централен во дипломатските напори од страна на мисијата на ОН е поврзан со процесот на разрешување на конфликтите во Конго, со цел обезбедување услови за нивно мирно решавање"* **не се потврдува**, затоа што мисијата во Конго беше неуспешна и дополнително ја усложни состојбата во оваа земја, со оглед на различните ентитети што живеат таму, за што е образложено подолу.

Во однос на главното истражувачко прашање *„Каква е улогата на дипломатскиот дијалог во процесот на разрешување на конфликтите во Демократска Република Конго?",* може да се сфати дека властите во Конго одобриле распоредување мировници на ОН на нивна територија, но со години не успеале да седнат на преговарачка маса, момент што го дава одговорот на ова прашање т.е факт дека тие воопшто не стигнале до фазата на дијалог.

Ако не постојат две страни дипломатскиот дијалог не може да функционира, без разлика дали би бил преку медијатор или преговарач, назначен за решавање на конкретниот конфликт. Со ова се доаѓа до одговорот на второто потпрашање т.е до согледување на ситуацијата дека и во овој случај имало ограничувања затоа што постоеле обиди да се развие дипломатски дијалог со централната власт во Конго, но не и со локалните власти на повеќето конфликтни региони. Можеби пристапот би бил поинаков ако постоела вклученост на локалните власти со оглед на етничкиот диверзитет на популацијата во Конго.

Од анализата на овој магистерски труд може да се сфати дека најдолготрајната мировна мисија на ОН, MONUSCO, се соочувала со неуспех и била критикувана за нејзината неефикасност. Како и да е, произлегува дека ОН и не се заложиле многу за решавање на конфликтната состојба во ДР Конго и за воспоставување на траен мир. Можеме да констатираме дека неможноста на мировниците да спречат насилство во регионот резултирала со губење на вербата кај народот на ДР Конго.

Но сепак, се поставуваат прашањата „каде потфрли MONUSCO во својата мисија?" „Кои се поуките што може да ги извлечат за идните мировни мисии?".

Неуспесите во работењето на MONUSCO во ДР Конго покренуваат итни прашања за пристапот на Обединетите нации кон спроведувањето и управувањето со нивните мировни мисии на глобално ниво. 2003-та година често се опишува во академската литература како година на транзиција за мисијата MONUSCO. Овој период означи значителна промена во фокусот на мисијата. Додека ОН повторно го нагласи својот мандат за заштита на цивилите, тие инкорпорираа нови задачи, имено, поддршка на транзицијата кон поодржлива национална влада и надгледување на националните избори.

ОН го забрза распоредувањето на војниците, прифаќајќи широк мандат во речиси сите региони на ДР Конго. Сепак, брзо стана јасно дека постои прекин помеѓу фокусот на војниците распоредени во ДР Конго и намерите на Советот за безбедност на ОН.

Никаде ова не беше поочигледно како во Буниа, град кој се наоѓа во провинцијата Итури во североисточниот агол на ДР Конго, долж границата со Уганда. Кризата почна да се развива бидејќи Советот за безбедност на ОН ги притиснал силите на Уганда да се повлечат од градот, без да се посвети доволно внимание на стабилизирачкото влијание што го обезбедува армијата на Уганда. Како и да е, денес падот на Бунија сè уште се смета за монументален неуспех во планирањето и комуникацијата меѓу Советот за безбедност на ОН и трупите на ОН. Падот на Бунија, заедно со спорните национални избори олеснети од ОН во 2006 година, му нанеле сериозни удари на кредибилитетот на MONUSCO. Сосема е јасно дека ОН уште еднаш погрешно ја пресметале својата мировна стратегија во ДР Конго. Во обидот да се олесни разоружувањето, да се спречи насилството и да се воспостави одржлив мир, ненамерно поттикнале конфликт и немале доволно персонал за да го извршат својот амбициозен мандат. До 2010 година мисијата на ОН во ДР Конго барала суштинска преоценка. Овој реструктуиран мандат ја препознал итноста на претстојното повлекување на ОН, ставајќи приоритет на соработката со конгоанските сили за да се обезбеди траен мир независен од ОН.

Навистина, дури и најробусните мировни сили не можеле да ја заменат улогата на Владата во одржувањето на безбедноста. Иако моралната дилема ја усложнувала улогата на ОН и нивните мировни мисии, историскиот настап на MONUSCO потврдува дека секоја

мировна мисија, без кооперативен однос со владата-домаќин и нејзината војска, е осудена на неуспех.

Сето ова покажува дека мисијата на ОН во ДР Конго која траеше 24 години, не успеала да придонесе за воспоставување траен мир меѓу конфликтните страни сите овие години. Напротив, дополнително ја усложнила ситуацијата и придонела за недоверба од страна на етничките групи во Конго. Очигледно е дека дипломатските напори да седнат на преговарачка маса за спроведување на дипломатски дијалог биле невозможни, а можеби и сите овие години не се создале услови за тоа. Сепак, немало услови за реализација на дипломатскиот дијалог, иако централните власти работеле во насока да седнат на преговарачка маса, но локалните власти не биле подготвени за дипломатски дијалог и очигледно тие ги прават најголемите опструкции, затоа што не е во нивен интерес.

Оттука, оваа мисија треба да биде поука на ОН за пристапот при спроведувањето на идните мисии, а тоа значи детален пристап кон проблемот и корените на конфликтот. Соработката на ОН со централната власт била недоволна во нејзините напори за воспоставување на траен мир. Пристапот повеќе треба да биде насочен кон локалните власти што се во конфликт, преку создавање услови за прекин на меѓусебните напади и заради започнување на дипломатски дијалог. Дијалогот би бил поефикасен ако се одвива преку медијатор што ќе биде независен, кој нема да зазема некоја од конфликтните страни и ќе се одвива етапно. Преговорите би се интензивирале фаза по фаза заради заштита на интересите на локалното население и почитување на нивните права и слободи. Откако преку формалната легислатива ќе се задоволат интересите на конфликните страни, се пристапува кон потпишување примирје, што ќе значи прекин на воените дејства и распоредување мировници за контрола на примирјето и заштита на населението.

Научниците кои ги проучуваат меѓународните односи и етничките конфликти долго време, ја препознале централната улога што ја играат емоциите во ескалацијата на конфликтот, деескалацијата и разрешувањето. [88] Психолошките истражувања многу придонеле за разбирање на долготрајните конфликти од големи размери, кои се типично

[88] Horowitz, D. L. (1985). *Ethnic groups in conflict.* Berkeley, CA: University of California Press, pp.52-64

опфатени во литературата за меѓународни односи. Изненадувачки, сепак, психолозите посветиле релативно малку внимание на улогата на емоциите во регулирање во такви интензивни конфликти. Сè уште е недостижна консезуална дефиниција на концептот емоција. Дел од тешкотијата е што постојат фундаментални несогласувања во однос на овој концепт. Сепак, се прифаќа класичната перспектива на Вилјам Џејмс (William James) за емоциите како тенденција на одговор. Според ова гледиште, емоциите се флексибилен одговор на секвенци[89] кои се повикуваат секогаш кога поединецот ќе оцени дека состојбата нуди важни предизвици или можности. Со други зборови, емоциите го трансформираат суштинскиот настан во мотивација да се одговори на тоа на одреден начин. Главните компоненти на емоциите вклучуваат субјективни чувства, телесни промени, изрази на лицето и други физиолошки реакции. Овие компоненти помагаат да се разликуваат емоциите од другите феномени како што се ставовите или верувањата.[90] Сепак, нашата перспектива за емоциите ја истакнува улогата на две дополнителни компоненти, когнитивни проценки и тенденции за одговор се гледаат како суштински во разбирањето на улогата на емоциите во меѓугрупните конфликти. Препознавањето на симбиотските односи меѓу емоциите и сознанието довело до опширно истражување на когнитивните аспекти на дискретните емоции.[91] И покрај разликите во терминологија, можно е да се идентификуваат неколку димензии на оценување кои се вообичаени за повеќето научници. Покрај компонентата за оценување, Арнолд (1960) предложил дека емоцијата е поврзана со специфична тенденција за акција. Во поново време, Фрида (1986) идентификувал специфични типови на подготвеност за акција кои карактеризираат 17 дискретни емоции.

Социјалните конфликти обично се дефинираат како ситуации каде што „две или повеќе лица или групи манифестираат верување дека имаат некомпатибилни цели.“[92] Од психолошка перспектива, верувањето во врска со контрадикторни цели или интереси е секогаш процес во двојна фаза. Првата фаза вклучува субјективни проценки во однос на

[89] Frijda, N. H., Kuipers, P., Schure, E. (1989). Relations among emotion, appraisal, and emotional action readiness. *Journal of Personality and Social Psychology*, Vol. 57, pp.212–228.
[90] Cacioppo, J. T., Gardner, W. L. (1999). Emotion. *Annual Review of Psychology*, Vol.50, pp.191–214
[91] Lazarus, R. S. (1991). *Emotion and adaptation*. New York: Oxford University Press, pp.609-637
[92] Kriesberg, L. (2007). *Constructive conflicts: From escalation to resolution* (3rd ed.). New York: Rowman and Littlefield Publish, pp.614-617

целите на групата, целите на другата група и интеракцијата помеѓу нив. Во втората фаза, оценувањето се изразува во мотивацијата и подготвеноста да се дејствува на одреден начин. Оттука, когнитивните проценки и тенденциите за одговор, и двете вградени во структурата на емоциите, се составен дел од најосновната дефиниција на конфликтот, потврдувајќи ја нивната важност. Различни научници упатуваат на различни фази на конфликтот. Кризберг (Kriesberg)  ги опишал трите главни фази за секој конфликт:

- појавата, избувнувањето или манифестацијата на конфликтот;
- ескалација на конфликтот;
- негова деескалација и порамнување.

Други научници неодамна разговарале за друга важна фаза на конфликтот, имено помирувањето Гибсон (Gibson,2006). Многу важен сегмент е улогата на емоциите и регулирање на емоциите во трите фази на конфликтот: избивање на конфликт и ескалација, деескалација на конфликтот и помирување. Се усвојува перспективата оддолу-нагоре, според која, емоциите, ставовите и постапките на поединци и групи влијаат на текот на конфликтот. Оваа психологија на „народот“ е уште поважна во нерешливите конфликти, бидејќи тие се често насилни и долготрајни, бараат големи инвестиции, играат централна улога во животот на вклучените општества и се перципираат како тотални, нерешливи.[93]

Според Бар-Тал (Bar-Tal), општествата кои се вклучени во овие видови на конфликти развиваат единствен психолошки репертоар, кој вклучува систем на општествени верувања поврзани со конфликти, а пристрасна колективна меморија на историјата на конфликтот и многу негативна „колективна емоционална ориентација“ кон противникот. Улогата на емоционалната компонента на овој репертоар е карактеристична во одржувањето на конфликтот како централен. Природата на долгорочните конфликти меѓу групите создава плодна почва за продолжување и собирање на емоции надвор од непосредната временска рамка. Некои големи настани поврзани со конфликти, што може да биде придружено со постојано ширење на конкретни информации за конфликтот, може да произведат стабилни групни емоционални чувства кон противникот и конфликтот. Како резултат на тоа,

---

[93] Bar-Tal, D. (2007). Societal-psychological foundations of intractable conflicts. *American Behavioral Scientist*, Vol.50, pp.1430–1453.

стабилни негативни меѓугрупни емоции како што се стравот, гневот и омразата стануваат инхерентен дел од постојаниот психолошки контекст на поединците во таквите конфликти.[94]

Интеракцијата помеѓу овие чувства и чувствата кои се јавуваат како одговор на настани поврзани со конфликти, како и нивното заедничко влијание врз ставовите и постапките е централното прашање. Многу е важно да се сфати како емоциите влијаат врз поединецот и врз колективните верувања, ставови и однесувања во однос на војната и мирот. Процесот започнува со појава на нов настан и/или појава на нови информации поврзани со конфликтот и/или сеќавање на минат конфликт, поврзан со одреден настан. Настанот или информацијата може да бидат негативни (на пример: војна, терористички напад и отфрлање на понуда за мир) или позитивни (на пример: мировен гест и подготвеност за компромис), но мора да се оценат како значајни. Иако настаните можат да се доживеат лично, во повеќето случаи тие се директно искусени од неколку членови на групата и се пренесуваат на другите членови на групата со посредство на водачите, мас-медиуми или други поединци. Во овие случаи, доколку поединците се идентификуваат со истата група како директно изложени поединци, тие би доживеале групно-базирани емоции. Ваквите краткорочни настани ќе предизвикаат индивидуални и групни емоции и последователни тенденции за политички одговор, во зависност од начинот на кој тие се оценети. Оттука, субјективното оценување на настанот е клучен фактор во одредување на видот на емоции што ќе произлезат од настанот.

Според предложената рамка, во контекст на долгорочни конфликти, проценката на настаните е под влијание на три главни фактори. Прво, настанот може да биде прикажан на одреден начин и ова прикажување влијае на оценката на поединците за настанот. Различни прикажувања за ист настан може да доведат до различни когнитивни проценки, кои пак, ќе доведат до различни емоционални одговори. На пример, ако воената акција од страна на противникот е прикажана како одбранбен одговор на претходните милитантни акции од сопствената страна, тоа може да предизвика страв или можеби тага. Но, ако се обликува

[94] Kelman, H. C. (1997). Group processes in the resolution of international conflicts: Experiences from the Israeli-Palestinian case. *American Psychologist*, Vol.52, pp.212–220

како агресивна акција без оправдани причини, тоа може да доведе до екстремен гнев или дури и омраза. Второ, проценката на настанот ќе биде под влијание на релативно широк опсег на фактори и тоа секој поединец може различно да го сфати во зависност од сфаќањето за придржување на моралните вредности, социо-економскиот статус и долгорочната идеологија за конфликтот и противникот.[95]

Последно и најрелевантно, рамката заснована врз проценка претпоставува дека долгорочните емоционални чувства ќе бидат пристрасни на когнитивните проценки на конкретни настани. Оваа премиса се заснова врз рамката на тенденции за проценка, според која секоја емоција активира когнитивна предиспозиција за да се толкуваат настаните во согласност со централните проценки кои ги поттикнале на емоција. На пример, долгорочна надворешна закана за групата ќе го направи општеството приспособливо на заканувачки знаци и ќе доведат да предизвикаат почести одговори на страв.

Вреди да се напомене дека стратегиите за регулирање на емоциите никогаш не биле емпириски тестирани во контекст на меѓугрупните односи и разрешување конфликти. Се верува дека најрелевантната стратегија во контекст на долготрајните конфликти е регулирање на емоциите преку когнитивни промени и, поконкретно, проценување. Повторната проценка вклучува промена на значењето на ситуацијата на начин на кој го менува неговото емоционално влијание. Најдиректен начин да се создаде когнитивна промена е да се побара од поединците повторно да проценат, да разгледаат алтернативни перспективи или да се преиспита нивното толкување на настани или информации. Иако оваа постапка била доста успешна во намалувањето на негативните емоции кај индивидуални и меѓулични поставки, тоа не е толку јасно применливо за  конфликтите. Главната причина е што психолошкиот репертоар на конфликтот често е толку длабоко вкоренет што страните веројатно нема да бидат подготвени да ги променат барањата. Таков е случајот со конфликтот во ДР Конго, каде што страните долги години не успеале да ги проценат своите барања и ставови што би предизвикале поинаква емоционална перцепција на проблемот. Оттука, аргументацијата е во насока на  создавање когнитивни промени

[95] Halperin, E., Bar-Tal, D., Nets-Zehngut, R., Almog, E. (2008). Fear and hope in conflict: Some determinants in the Israeli–Jewish society. Peace and Conflict: *Journal of Peace Psychology*, Vol.14, pp.1–26

преку користење на индиректни начини. Особено е важно да се прави разлика помеѓу два вида на повторна проценка: онлајн преоценување и проспективна повторна проценка. Онлајн преоценувањето се однесува на „обидот за промена на емоцијата што започнува и континуирано работи додека се развива настанот што предизвикува емоции“.[96]

Во контекст на меѓугрупниот конфликт, овој процес се однесува на когнитивни промени кои можат да бидат предизвикани од менување на начинот на кој настаните се претставени на јавноста или презентирани. Првиот дел се фокусира на улогата на емоциите во дадена фаза и е објаснет во својата природата. Вториот дел се однесува на тоа како може да биде онлајн и потенцијалното повторно оценување се користи за да се намали конфликтот и има нормативен пристап. Треба да се забележи дека повеќето емпириски студии досега се фокусирани исклучиво на специфичната врска помеѓу емоциите и политичките позиции/однесување во однос на конфликтот и не инкорпорирале други аспекти на конфликтот.

Избувнувањето и ескалацијата на конфликти се однесува на манифестација или трансформација на латентни несогласувања во насилен конфликт. Тоа вклучува процеси на донесување одлуки од страна на лидерите, кои во демократските општества мора да бидат проследени со јавна поддршка. Овој вид на поддршка е од суштинско значење поради високиот ризик и потенцијалните жртви кои се бараат од луѓето што се вклучени. Степенот до кој членовите на општеството поддржуваат различни насоки на агресивно колективно дејствување може во голема мера да зависи од нивните емоции. Емоцијата што е најчесто проучувана во однос на оваа фаза од конфликтот е гневот. Гневот е предизвикан од настани во кои поединецот ги перцепира дејствата на други како неправедни или како отстапување од прифатливите општествени норми.[97] Интеграцијата на овие две карактеристики често создава тенденција за соочување, удирање, убивање или напад на целта што предизвикува гнев. Во согласност со неговите карактеристики, претходните студии спроведени во

---

[96] Sheppes, G., Meiran, N. (2007). Better late than never? On the dynamics of online regulation of sadness using distraction and cognitive reappraisal. *Personality and Social Psychology Bulletin*, 33, pp.1518–1532
[97]Averill, J. R. (1982). *Anger and aggression: An essay on emotion*. New York: SpringerVerlag, pp.285-291

контекст на конфликтите во реалниот свет постојано наоѓаа јасна и директна поврзаност помеѓу гнев и припишување вина на надворешната група.

